СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**ПЕДЕСЕТ И ТРЕТА СЕДНИЦА – 10 ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 28.I.1993 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| 1.СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. БРАНКО АРСОВСКИ | 16, 76 |
| 3. ТИМЕ АНДОНОВ | 24 |
| 4. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 36 |
| 5. ЕФТИМ АНЧЕВ | 51 |
| 6. ПЕТАР ГОШЕВ | 10, 43 |
| 7. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | 79 |
| 8. ДОСТА ДИМОВСКА | 93 |
| 9. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | 2 |
| 10. РИСТО ЈОВАНОВ | 78 |
| 11. РИСТО КЕЛЕШОВ | 78 |
| 12. ПАНЧО МИНОВ | 3 |
| 13. ЕФТИМ МАНЕВ | 8 |
| 14. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | 33 |
| 15. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | 39 |
| 16. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 65 |
| 17. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | 68, 96 |
| 18. ШАБАН ПРЕВАЛА | 44 |
| 19. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | 70 |
| 20. НИКОЛА ПОПОВСКИ | 89 |
| 21. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 91 |
| 22. РИСТО СТАНКОВСКИ | 19 |
| 23. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | 32 |
| 24. РИСТО СТАМЕНОВ | 47 |
| 25. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 73 |
| 26. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | 75, 77 |
| 27. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 76 |
| 28. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | 27 |
| 29. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | 74 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 28 јануари 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Никола Стојановски, Борко Горчески, Цветан Јовчевски, Петре Трајкоски, Петре Трајановски, Симеон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници,

Вчера во битолското село Бистрица почина бележитиот син на македонскиот народ и државен раководител на Македонија, господинот Богоја Фотев.

Во согласност со неговите желби и желбите на неговото семејство не се организираат никакви службени настани и манифестации по повод неговата смрт.

Ние пратениците овде наследници на членовите на АСНОМ што ја основаа оваа држава сме должни со особена почит да се однесеме кон овој бележит наш македонец, припадник на македонскиот народ и раководител на нашата држава.

Ве молам со едноминутно молчење да му одадеме почит на господинот Богоја Фотев.

(Со едноминутно молчење пратениците на Собранието на Република Македонија му одадоа почит на починатиот Богоја Фотев)

Продолжуваме со претрес по Информацијата за состојбите и проблемите во откупот на земјоделските производи:оризот, тутунот, сончогледот, грозјето и друго, од реколтата 1992 година и мерките кои треба да ги презема Владата на Република Македонија.

Има збор господинот Васил Зимбаков.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, не би сакал да повторувам некои дискусии кои овде беа искажани во врска со Информацијата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година. Јас би бил пократок и веднаш би кажал дека Информацијата која е на дневен ред многу реално и јасно ја прикажува состојбата и проблемите во аграрот, како во општествениот така и во индивидуалниот сектор.

Тешката општествено - политичка и економска состојба, затвореноста на пазарот, блокадите на сите видови патни правци поради војната што се води во поранешна Југославија, платниот промет и друго многу ја отежнаа состојбата на земјоделците и тие денес слободно можам да кажам дека се на работ на егзистенција и егзистенција на своите семејства.

Покрај прифаќањето на Информацијата целосно ги поддржувам Предлог - заклучоците на Комисијата за земјоделие кои се дадени во извештајот од информацијата и би додал: ние како Парламент да ја забрзаме процедурата и ефикасноста во врска со донесувањето на

законите и другите нормативни акти од областа на аграрот. Исто така како држава мораме еднаш да определиме кои се тие стратешки култури, правци и програма во аграрот во кои ќе инвестираме од што би имале сите корист и државата и земјоделците. Исто така мислам дека е потребно сите заедно без разлика на партиска припадност да дадеме поддршка на Владата за сите напори што ги прави во врска со решавање на проблемите со аграрот.

Почитувани пратеници, убеден сум дека така најмногу ќе им помогнеме на земјоделците а не со конгреси и дискусии и жалопојќи, а најмалку со политички маркетинг и надмудрување.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувани пратеници, јас ќе дискутирам за некои аспекти во однос на начинот на исплатата на грозјето, висината и реалната вредност на откупната цена на истото, однесувањето на откупувачките претпријатија, улогата на Министерството за земјоделие и на крајот како заклучок реагирањата и барањата актуелни сегашни на земјоделците лозари.

Најпрво во однос на исплатата да кажам дека откупната цена на грозјето беше објавено со едно значително задоцнување кога веќе откупот на истото беше во најголем ек.

Втора констатација во врска со ова прашање е дека обезбедувањето на средства за исплата на откупените количини на грозјето исто така доцнеше. Тоа директно се одрази и на каснењето и одолговлекувањето на исплатата на откупените количини на грозје.

Барањата на лозарите беа по објавувањето на цената во месец септември исплатата да се заврши заклучно со месец октомври.

Откупувачките претпријатија оправдување кон одолговлекувањето на исплатата го бараа во необезбедените средства од банките.

Како еден коментар на одговорот на пратеничкото прашање поставено од моја страна во кое стои една констатација дека исплатата за откупените количини на грозје е вршена веднаш по упишувањето во штедните книшки. Ова констатација во одговорот на моето пратеничко прашање не е точно, затоа што беше голем број на случаевите, да не речам и појава, по упишувањето во штедните книшки уплатата одложено се исплаќаше од 15 до месец и повеќе денови.

Како заклучок по првото прашање за начинот на исплатата може да биде тоа дека објавувањето на откупната цена каснеше, каснеше обезбедувањето на финансиски средства за исплата на откупените количини на грозје а согласно со тоа доцнеше и самата исплата. Епилогот е катастрофален по однос на тоа што значи профитерност од добиените средства со реализацијата на откупот на грозјето за самите земјоделци лозари.

Второто прашање на кое сакам да се осврнам тоа е прашањето за висината и реалната вредност на откупната цена. Веднаш да кажам дека договор меѓу откупувачките претпријатија и здруженијата на земјоделците лозари по однос на висината на цената не е постигнат. Тоа за мене е многу значајно затоа што калкулациите и од едната и од другата страна својата реална вредност изразена парично не ја постигнаа во еден меѓусебен договор меѓу заинтересираните странки. Исто така не беа прифатени и реалните баран>а на самите земјоделци лозари доколку не се исплати објавената откупна цена заклучно со месец октомври за наредниот период вредноста постигнатата висина на откупната цена на грозјето и нејзината вредност да се гарантира со врзување на истата со цврст курс на светски признати валута односно курсот на ДМ. Само за жал една компарација во

овој период од објавувањето на цената во месец септември до завршување на исплатата која продолжи до крајот на годината, заклучно со месец декември 1992 година. Во овој период додека траеше периодот на исплатата се случија две девалвации на денарот што исто така фрапантно и со големи негативни последици влијаеја врз стварната реална вредност на откупните цени на грозјето. Тоа крајно негативно се одрази и врз саматапрофитерност на самите земјоделци лозари.

Трето, откупувачките претпријатија како и многу години наназад средства за отплата на винското грозје немаа обезбедено. Откупот го извршија целосно во такви услови а за доцнењето на исплатата на грозјето имаа објаснување дека фактички се доцни со обезбедувањето на кредитите од Народна банка и од деловните банки. Не ги прифатија и барањата на лозарите во однос на врзувањето на вредноста со ДМ од причини што се оправдуваа дека каматите на комерцијалните кредити и на другите трошоци што го товараат финалното производство се многу високи. Разбирање кон барањата на лозарите не изразија ви за ви постигнатите на пазарот цени на готовите производи, алкохолни. На пример сегашна цена на еден литар вино е скоро илјада денари. Тоа не го направија под едноставна причина што нивните финансиски интереси не им одговара. Заклучок по ова прашање е дека надвладеа сопствениот интерес што за мене во едни вакви услови е и нормално. Министерството за земјоделие за едно големо изненадување упорно се прогласува како ненадлежно по прашањето на утврдување на откупните цени, повикувајќи се на тоа дека утврдувањето на откупните цени треба да се врши пазарно. Тоа е една логична и нормална работа но во наши услови ние немаме никакви услови на функционирање на пазар. Платниот промет е нерешен понатаму не регулиран режим на

извоз, ограничен транспорт за пласман на земјоделските производи конкретно на грозјето во недостиг на нафта и слично. Повикувањето на пазарно утврување на откупните цени мислам дека нема реална основа. Од друга страна Министерството и Владата учествуваа во обезбедувањето на финансиски средства за откупот на грозјето како преку примарната емисија од Народна банка така и преку комерцијални кредити од деловните банки. Исто така тие учествуваа и ^о одобрувањето на регрес на камати на кредити од примарната емисија како и вршат други поттикнувања во земјоделството. Споредено со сето тоа од своја страна се прогласуваат по ова прашање како ненадлежни. Исто така тие даваат и регреси на вештачки ѓубриња, заштитни средства и слично.

Кога сме веќе кај регресите кај вештачките ѓубрива и заштитни средства мора да го истакнам барањето на земјоделците лозари кои многу пати го истакнуваат тоа дека непосредно тие самите како непосредни производители за кои се наменети овие регреси, овие олеснувања и мерки за поекономично набавување на заштитните средства и ѓубривата тие не ги осеќаат. Тие се губат некаде во формите на трговската маржа и пренесувањето на тие заштитни средства и ѓубрива од едно трговско претпријатие во друго.

Исто така кога сме кон ова прашање да кажам дека и самите земјоделци лозари уште сега го поставуваат прашањето на обезбедување на гаранции за идното производство во однос на обезбедување на откупот, по неуспешноста на функционирање на агроберзата која во тековната 1992 година доста беше експлоатирана.

Мене ме зачудува како е можно Министерството па и Владата по ова највитално прашање за самите земјоделци, а тоа се откупните цени односно финансиската реализација на нивното производство да се изразуваат незаинтересирано повикувајќи се на нивна надлежност кога, познато ни е на сите дека и во Републичкиот буџет данокот на промет од алкохолни пијалаци на највисока стапка на застапеност, а и девизниот прилив од извоз на алкохолни пијалаци е исто така на највисоко место. Ова споредено со одредени искористувања на овластувања и надлежности на Министерството кога без некои поолсежни аналитички анализи по тоа колкаво е реалното финансиско остварување на самите земјоделци од нивното производство, истите пак од друга страна одобруваат пораст на висината на водениот надоместок, истите одобруваат пораст меѓу кои и овој Парламент е за соодветна критика по прашањето за покачување на придонесот за социјално осигуруваше здравствено и пензиско а во меѓувреме се укина регресот на нафта и слично.

Како четврто прашање е реагирањето и барањето на самите земјоделци лозари. Реагирањата се единствени. Незадоволство од висината и реалната вредност на откупните цени на грозјето, сметано од реализацијата на откупот до завршувањето на исплатата до крајот на годината. Барањата се:

1. Доплата на откупната цена во износ што ќе го земе пред- вид реалната и објективна цена во споредба со постигнатата цена на готовите производи и финансиските можности од реализацијата на готовите производи и

2. Пресметување на камата на откупната цена за периодот од реализацијата на откупот до исплатата.

Реалност на овие барање би имала единствено ако надлежното министерство заедно со Владата искористувајќи ги своите инструменти за финансиска интервенција во оваа многу значајна област во земјоделието, заедно со откупувачките претпријатија најдат соодветно решение кое ќе биде задоволително за самите земјоделци лозари посебно од аспект за поттикнување на развојот на лозарството во смисла да се обезбедат самите лозари со ваква интервенција дали доплата дали пресметување на камата од денот на реализација на откупот до денот на исплатата кое ќе им овозможи оние минимални финансиски средства да го организираат идното производство во лозарството што ќе има ефекти како кон заштита на постигнатото ниво на лозарското производство така и поттикнување на идниот развој на лозарството.

Во однос на заклучоците по информацијата барам овие барања на лозарите да бидат третирани во конкретна мерка и веднаш да кажам во одговорот на министерот ако повторно се повикуваме на ненадлежност за мене тоа значи неможност да се изнајде решение за реалните барања на земјоделците - лозари.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, на вчерашниот ден ние слушнавме прилично дискусии по однос Информацијата. Иако од некои пратеници се зборуваше дека дискусиите биле повеќе за маркетинг јас сметам дека тоа не е маркетинг. Сите дискусии беа основани и ја прикажуваа проблематиката во аграрот како што истото е наведено и во Информацијата. Не постојат многу разлики меѓу дадените состојби во информацијата и дискусиите. Истото ние го констатиравме и минатата година кога ја разгледувавме информацијата

за состојбите во аграрот во текот на 1991 година. Оттука треба да заклучиме кои се причините што овие проблеми на нас ќе ни се јавуваат многу години наназад доколку и понатаму продолжиме да ги решаваме со информација и заклучоци. Заклучоците по информациите се времена состојба, решавање на проблемот моментално, во оваа година а не понатаму. Ние во Македонија немаме толку многу земја за да не и обратиме поголемо внимание. Македонија располага со околу 600 илјади хектари обработливо земјиште или таквото земјиште во голем дел е планинско екстензивно, па оттука мораме да ги бараме причините подлабоко. Причините во голем дел ги наведуваме дека произлегуваат од тоа што Македонија беше во составот на Југославија и проблемите за аграрот воглавном се третираат од Белград а не од Скопје. Ние и денес сеуште работиме со старите прописи. Ние немаме изградено сопствена политика за развојот на земјоделието и мораме да ги бараме причините токму во ова Собрание и Владата. Мене ми се чини дека Собранието минатата година донесе своја програма во која имаше безброј закони од аграрот и закони од другите области што требаше да ги донесе. Ние досега не се осврнавме на таа наша програма зошто не ги донесовме тие прописи. Дали кривицата е во Собранието или во Владата? Мораме со тие работи да расчистиме. Минатата го- дина на оваа тема изгубивме три дена дискусии, во ноември месец 1991 година а во месец февруари 1992 година ги усвојувавме заклучоците и таму изгубивме два дена. Ефектот е исти како и сега.

Неопходно е да се изгради една стратегија, една политика во аграрот и тоа како долгорочна така и краткорочна. Со краткорочната политика во аграрот ќе се решаваат проблемите во текот на годината а со долгорочната мораме да имаме ние огромна стратегија.

**ЕФТИМ МАНЕВ**: (продолжение)

кои производи, и во какви мерки државата ќе ги покрива односно ќе стои позади нив. Мораме да му кажеме на земјоделецот што да произведува и како да произведува. Без разлика ние и колку да размислуваме дека влегуваме во пазарна економија, исхраната не бара пазарна економија. Исхраната во цел свет се планира, во секоја држава. Ако не обезбедиш храна не ќе му треба на никој кола. Во исхраната луѓето сите се исти, а во другите потреби се поинакви. Од тоа, во заклучоците по оваа информација мора да стои да се одреди едно време, дали до месец мај да се донесе една долгорочна програма за развој на земјоделието во која би имало многу што повеќе да се дискутира отколку по оваа Информација.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, имавме барања на една од претходните седници да се разгледа прашањето со откупот на некои земјоделски производи, така да знаеме како дојде на дневен ред оваа точка. Знаеме како е подготвена расправата за оваа седница Исто така како резултат на тоа знаеме дека ги сплеткавме мошне инцидентно работите и во врска со информацијата и во врска со заклучоците што се нудат за денешната расправа.

Барањето беше да се разгледа откупот во врска со некои производи, а добивме заклучоци кои што се однесуваат на широка гама на прашања од областа на земјоделието. Јас ќе се осврнам на фајдето од заклучоците што нас ни се понудени, при тоа мислејќи дека не се виновни оние што ги напишале заклучоците, бидејќи такви заклучоци да бидат напишани е

барано во расправите што се водени на самата комисија. Заклучоците што можевме да ги прочитаме, што ни се доставени, извезените за зборот што ќе го употребам се леви заклучоци и тоа во двојна смила. Леви се и во идеолошка смисла на зборот, со овие заклучоци ова Собрание се легитимира како Собрание, делегатското собрание што беше пред парламентарните избори, со истата логика на функционирање на претходниот систем. Значи, кога ќе се погледаат заклучоците, кој што треба да направи, како треба да направи, се апсолутно во доменот на социјалистичката идеологија, а леви се и во класичната смисла на зборот, навистина се крајно лошо направени. Зошто се леви од идеолошка смисла и зошто најголемиот дел од нив немаат ама никакво практично значење, ниту можност да се остварат и едноставно значат залажување на земјоделците, губење на времето што го оствaруваме овде во Парламентот, еве втор ден по оваа точка од дневниот ред.

На пример со овие заклучоци се бара вака инцидентно подготви долгорочна програма, среднорочна, долгорочна аграрна политика итн. Погледајте ги заклучоците од пред повеќе години и во секој од тие заклучоци ова барање е вградено. Во сите заклучоците на бившиот социјалистички сојуз, кој најмногу се бавеше со тоа, долгорочна стратегија за земјоделието. ДА се преземат мерки за подобрување на неповолната финансиска состојба во аграрот. Еден фин заклучок истресен од ракав. Кој да преземе, како може да се преземе таа финансиска консолидација јас навистина не можам да разберам и што со тоа ќе им понудиме на земјоделците. Една обична фраза од која што тие нема ништо да добијат.

Вели, да се активира преработувачките капацитети. Во кое општество живееме ние, каква економија градиме, кој да ги активира тие капацитети.

Ние ќе му дадеме задача на генералниот директор да ги активира капацитети. Ако не ги активира што? Што е заклучокот од тоа, во овие заклучоци се пишува на пример таква задача и ние како Собрание расправаме за тоа незнам како.

Да се ревитализира селото. Фин заклучок сега се понудува, ајде да го ревитализираме селото веднаш. Па, во секој заклучок од пред 15-20 години истата формулација ја среќаваме. Тоа е во општиот дел.

Во поконкретниот дел има уште посимпатични работи. Да се надминат брзо неповолните состојби и бројните проблеми во аграрот. Тоа е првиот заклучок. Субвенции и поттикнувања веднаш да е поделат. Системот на заштита на земјоделското производство. Веднаш системот комплетно. Кредитирање по одделни намени. Наново сега цела политика се бара да се воспостави. Ослободување од даноци и придонеси. Тоа е шлагер заклучок не само за земјоделието, текстилната и било која гранка. За брзо реализирање и оживотворување на спомнатите заклучоци, на оние што претходно ги имаше Собранието. Ние стално сме имале така. Ќе донесеме заклучоци, потоа ќе донесеме заклучоци за оживотворување на неоживотворените заклучоци. Сега, кога и овие, се констатира по 2-3 месеци дека нема ништо до тоа, и кога повторно ќе се покрене расправа за земјоделието ќе донесеме уште заклучоци за оживотворување на заклучоците што требало да ги оживотворат заклучоците што не биле оживотворени. Така може таа синтагма да тече понатака.

Е, овде има еден заклучок, рационален, целосна исплата нас премиите, но затоа може да се дискутира на соединет начин. Имаме донесено закон од ова Собрание за премирање на пченицата сончогледот, маслодајната репка итн. Ова Собрание донесе закон. Тој закон не се

остварува и сега земјоделците не можат тоа што им се понуди со законот да си го земат. Ние сега носиме заклучок да се реализира законот што ова Собрание го донело. Па, што е посилно, заклучок или закон. Ако законот не е способен, не сме способни да го реализираме, заклучокот ли ќе бидеме да го реализираме? Ова се траги-комични ситуации. Ќе ми се налути некој или не. Заради вакви констатации незнам, но го кажувам она што го чувствувам во врска со ваквиот начин на работа. Да се преиспитаат условите во врска со користење на кредити на примарна емисија со цел менување на стапките на реесконтот. Има уште еден заклучок во врска со тоа, барем за поливината вредност од производството на јамболките да се обезбедат пари од примарната емисија. Меѓутоа, Народната банка, Советот на Народната банка размислува да се укине примарната емисија, а како ќе одлучи Владата ќе видиме. Може ли тоа да се реализира тоа или не, бидејќи ние сакаме да ја собориме инфлацијата да нема од примарната емисија директно кредитирање итн. Никаква координација нема на вакви заклучоци и она што се спрема и треба да се спреми со некоја економска политика со која треба да ја собориме инфлацијата и нешто слично на тоа. Тоа е разговор меѓу глуви. Владата може едно да размислува, Советот на народната банка друго, некој друго трето итн. и како да нема точка на собирање на сите тие идеи и предлози во нешто рационално што треба да се усвои на една ваква седница. Да се преиспитаат царинската политика. Тоа е генеранел заклучок.

Научните и стручни институции во Републиката во соработка со земјоделските претпријатија да ги проучат усвоите и можностите за остварување на постабилен и сигурен извоз. Типично реал-социјалистички заклучок. Типично. Од тука, ние сега ќе дадеме на некоја научна

институција задача вие тоа да направите. Ако не направиш што правиме? Самостојна е регистрирана, небуџетска или буџетска е, сеедно, значи, тоа нема блага врска со реалноста. Убаво е човек да сонува. Луѓето што сонуваат си доживуваат убави моменти. Многу е лошо човек да не сонува. Меѓутоа, ако човек постојано сонува, а ние сонуваме 50 години со некакви реал-социјалистички фрази, тогаш можеме да се најдеме навистина во траги-комична ситуација. Според тоа, оваа расправа ништо не му ползува на земјоделието. Таа е комплетно вон функција заради тоа што не во рамките на никаква економска политика за 1993 година, ниту краткорочна, ниту долгорочна за да го сместиме земјоделието. Единствена полза има земјоделието ако имавме осмислено некој предлог за економската политика за оваа година, па да видиме што за земјоделието за 1993 година може да стои Владата и Парламентот односно Владата преку некои мерки што ќе бидат разговарани и овде. Единствено така може да му се помогне, а може да му се помогне ако се фатат оние прашања што обично една држава во услови на пазарна економија може да ги прави и треба да ги прави за земјоделието. Ништо повеќе од тоа не може да се стори. Меѓутоа, ние не разговараме за приватизација во земјоделието, за комбинатите. Тие остануваат така, нечепнати. Ќе разговараме кога законот ќе го усвоиме, за приватизацијата, но и во него не е земјоделието, така да допрва ќе разговараме за тоа. А, дотогаш ќе ја користиме примарната емисија како што сме ја користеле досега и од тоа нема да има никакво фајде.

Можеме да разговараме за земјоделието, да му помогнеме дека ние денеска или го имавме, или во декември, буџетот на РМ во кој што ќе видевме точно колку пари има во тој буџет за да се обезбеди она што

државата му го гарантира на земјоделецот со оние закони што ги усвои ова Собрание во врска со премиите, регресите, компензација итн. Без тоа комплетно е беспредметна расправата. Нема никаква корист од тоа. Според тоа, можеме да расправаме за земјоделието, да имаме и некоја економска политика за оваа година за земјоделието, со компетенциите во системот на пазарна економија. Кои се компетенциите на претпријатието земјоделско, на стопанскиот субјект, кои се компетенциите на државата или на државнине органи во целина. Каков даночен систем се разбира, долгорочен, треба да направиме за земјоделието, а не секоја година да разговараме за тоа. Не може долгогодишни насади врз основа на една даночна политика која што денес ќе ја воведеме, по 5 дена ќе ја измениме. Тоа се прашања кои што треба да се поставaт на еден сосема друг начин. Можеме да разговараме за царинска политика, но каква царинска политика за земјоделието во оваа година. Ние не знаеме тука, само велиме треба царинска политика што ќе ни помогне.

Можеме да разговараме ние за оваа година какви заштитни цени за оние производи за кои државата си зела обврска. Да ги расправаме сега тие прашања, или можеби се само во доменот на Владата и Владата да не информира нас овде, да ни каже. Тоа е прашање кое што може да му помогне на земјоделието во 1993 година, а не 1900 лева година. Сега ќе бидат оваа година заштитните цени тие и тие, за да може земјоделецот да си направи калкулација му се исплати тоа производство, нели му се исплати. Може ли да направи преориентација производна, или не може да направи. Можеме ли да ги решиме проблемите што настануваат со примарната емисија. Ќе се задржи ли тоа така- нели може да се задржи. Тоа се прашања кои што се конкретни прашања, за кои што може да се

поразговара ако имаме соодветен предлог во врска со тоа кој што може да му помогне на земјоделието. Вакви реал-социјалситички заклучоци, нагласувам не се виновни тие што ги понудија, ниту претседателот на комисијата, виновни се сите тие што бараат вакви одредби да влезат, бидејќи земете било кој заклучоци од пред 15 години ќе видите 90% од формулациите се тие. Со тоа нема ништо.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас како пратеник од соодветната изборна емисија во Куманово, 46 изборна единица направив напори информацијата што сега е на дневен ред, а која е презентирана до соодветното министерство на Владата да ја презентирам пред моите избирачи и во граници нас она што тие што го дискутираат на тие состаноци можам да кажам дека тие најмногу дискутираа за неколку проблеми врзани за откупот и едноставно ја оценија информацијата како информација дека е добра, меѓутоа предложија неколку работи кои се врзани за министерството односно за Владата.

Прво, избирачите од мојата изборна единица сметаат дека државата се уште нема изградено цврста стратегија за аграрот и за пократкиот и за подолгиот период, за што тие сметаат дека на некои начин негативно се одразува врз севкупните развој на земјоделието, како многу важна гранка во РМ.

Второ, земјоделските производители од мојата изборна единица сметаат дека државата нема доволно контрола врз користењето на субвенциите, компензациите, премиите, регресите и сметаат дека сите овие олеснувања најмалку ги користат правите земјоделци, туку прометните

организации, банките и други.

Трето, производителите на земјоделски производите предлагаат на Владата и ресорното министерство откупот на земјоделските производи да се врзува за една цврста валута на кој начин би се спречило обезбедување на откупната цена на сите производи и проблемите кои се сврзани за откуп.

Во спротивно, ако не се користи оваа форма и ако не успее тогаш организациите кои вршат откуп, а не вршат благовремена исплата да обезбедат банчана камата која се наплаќа за комерцијалните кредити.

Петто, земјоделските производите сметаат дека државата мора и треба поблаговремено да ги одредува заштитните цени на основните витални производи, а пред се пченицата, сончогледот и други со единствена цел производителите поблаговремено да можат да го испланираат идното производство.

Тие посебно го посочија проблемот сврзан за откупот на сончоглед при што искажат дека во текот нас 1992 година од бившата Влада ја утврди гарантираната цена од 360 денари плус 15% премии, меѓутоа, новата Влада наместо да ја утврди максиминараната цена на зејтинот и да го заштити домашното производство дозволи слободно формирање на цени и слободен увоз без да се предвиди соодветна царина.

Ваквиот однос на Владата создаде низа проблеми во исплатата на стоки на откупниот сончоглед при што производната организација од Т.Велес донесе одлука истата да се врши со цена од 24 0 денари и тоа исплата се вршеше на 3 месеци, после 3 месеци, на кои начин целосно да ја девалвира вредноста на производот и тоа на штета на индивидуалните производители.

Во таа смисла се предлага оваа година да не се правата вакви суштински пропусти и заштитните цени да бидат врзани за една цврста валута.

На крај, предложија, исто така имајќи ја предвид содржината и методологијата на работа на цените за унапредување на земјоделието, оваа година соодветното министерство да го обезбеди правиот статус на оваа организација.

III/1 СС/ЛБ

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пред да почнам со дискусијата што мислам дека би требало да се слушне во ова Собрание, би сакал да спомнам дека, еве бидејќи и другите се осврнаа на она што се случуваше претходните 10 - 15 дискусии дека навистина малку промашивме со темата. Имено, Информација за откуп и пласман на земјоделските производи беше точката, а не елаборација за сопствените видувања за развој на земјоделието. Меѓутоа, така стои точката, а сите ние имаме свои видувања за таа стратешка гранка и добро е да се слушнат макар што ова е по четврти или пети пат на ова Собрание.

Она што ценам дека сепак значајно за оваа дискусија е фактот што еве, ова Собрание и сите институции на оваа држава почнаа на земјоделието да го даваат значењето што го заслужува да го има во оваа држава и полека сите проблеми да дојдат на она ниво каде можат да се решаваат, а тоа е Владата и Парламентот.

Затоа, не е на одмет да се расправа за една ваква тема и уште еднаш практично дадовме популаризација на проблемите во земјоделието, со тоа што веќе доста беше популаризација на проблемите. Мислам дека ги знаеме и во иднина веќе треба да се оди по- оперативно и да се преземаат мерки на таа линија што, јас сум сигурен дека навистина ќе бидат проблематични и тешки.

Доволно е да се осврнеме само на проблемите што ги има земјоделието во многу поразвиени земји, каде државата е многу по- јака и може многу повеќе да влијае со субвенции, регреси, на било кој начин и какви се проблеми има. Не би сакал да се враќам во една Франција какви проблеми имаше. Какви проблеми се јавија токму заради аграрната политика на некои земји во Европската заедница кога требаше да се потпише трговскиот договор САД

Според тоа, проблемите во земјоделието се многу комплексни. Неразумно е да очекуваме дека тоа би се решило во еден час или за една година или за три години. Тоа е еден процес што треба да тече континуирано.

Она што јас лично сакам да го кажам и за што се јавив се проблемите со производството застапено во информацијата, раноградинарското производство. Тоа е еден сегмент од целото земјоделие што постои во нашава држава. Би сакал некои моменти околу ова производство, макар што она што е дадено во оваа Информација навистина е малку штуро, па со некој мои сознанија би го дополнил а евентуално би разговарал и за една стратегија што мислам дека конечно мора во овој Парламент или во оваа Влада да се промовира.

Имено, тука е дадено колку е откупено, колку се произведува, со една моја резерва во точноста на податоците, знаејќи како се доаѓа до овие податоци и знаеме колку пласман оди, така да речам на диво, не е евидентирано. Се јавува проблемот и мислам дека ова производство е многу поголемо и преку некој сознанија што сум ги имал по други канали, вкупното раноградинарско производство во Републикава достигнува некаде околу 200 милиони килограми односно 200 илјади тони.

Сега би ја свртел работата во друга насока. Би тргнал од еден државен интерес дека, еве, на РМ и требаат девизи, дека сме сиромашни со девизи и надворешниот дефицит што го има РМ би требало да бараме решение како да дојдеме или евентуално да оствари- ме никој суфицит во таа наша размена со светот. Сум размислувал кој би бил најбрзиот начин каде би можеле без многу инвестиции да дојдеме до тие потребни девизи.

Според мое сознание, во овој момент, знаејќи ја струк- турата на стопанството во Македонија знаејќи кои се тие организации што носат моментално девизи, секој кој малку го разбира стопанството го знае нашето

стопанство, знае дека се тоа топилницата во Велес, Југохром, Фени, текстилот носи нешто и некои ситни други организации, така што сме тука некаде заокружени на тој процес.

Моја проценка е дека единствена гранка која може на краток рок да донесе девизи е токму раноградинарското производство, односно неговиот пласман. Ова производство, за жал, минатата година доживеа една катастрофална ситуација. Прво, целокупното производство не беше продадено, а второ и она што не беше продадено се продаде по толку ниски цени или пак беше исплатено на луѓето после рокови од 3-4-5 и 6 месеци па дури мислам дека сеуште има земјоделци кои не ги добиле парите за своите продадени производи. Инфлацијата беше огромна, тоа се обезвредни и практично е прашање дали воопшто некому се исплатеше минатата година да сади.

Во ваква ситуација, знаејќи дека ова производство е барано во светот, посебно од фактот дека нашето производство е доста квалитетно, имаме усовршена технологија за производство на овие производи, имаме соодветен квалитет, можеби и тоа што ни фали е тој дизајн на пакување така да биде поприфатливо за пласман во оние земји што навистина бараат, она што велиме амбалажата го продава производот. Но, тоа не е работа што не може да се оствари.

Според тоа, до колку тука се организираме со вакво производство, а проценка е дека минималната цена што се остварува би можела таа и овде да се оствари е една марка по килограм, еве, заокружено, би се остварил некој прилив од 200 милиони марки што за наши услови е огромна сума пари. Е сега, дали е тоа малку премногу оптимистички, дали е можно, знаејќи ги цените на западните пазари, мислам дека е можно тоа да се оствари до колку подобро се организираме.

III/4

Затоа, во врска со сето ова, единствено прашање кое би го поставил на министерот, со надеж да ќе се јави на крај да даде свое размислување за се, не само за мојава дискусија, туку и за другите е проблемот до каде е дојдено со агро-берзата. Агро-берзата започнавме пред можеби повеќе од една година. Се издвои извесна сума средства од буџетот, оваа година исто така. Беше најавувано доста помпезно. Се очекуваше дека таа агро-берза ќе ги реши сите проблеми, меѓутоа за сега мислам дека работите се практично на нулта состојба или ако има некои други информации,м јас би сакал да ги слушнам, а веројатно би ги интересирале и многуте земјоделски производители овој податок. Со други прашања не би го заморувал министерот, туку нафрлив една тема со надеж дека ќе биде разработена и дека треба да се очекува дека од ова производство од оваа држава може добро да живее. Не да биде товар ова производство, туку напротив да биде во корист на државата.

Кога сум веќе кај овие проблеми, малку и другите бегаа од темата, одеа пошироко, и мене навистина сега ми се наметна еден проблем, а тоа е проблемот како одредени стручни служби, институции на државата што имаат стручњаци од одредени области во земјоделието да се доближат до производителите. Имавме ситуација да имаме многу институти од најразличен карактер, за заштита, за примена, милион други области што секако во земјоделието ги имаме, за семе производство итн. меѓутоа впечаток е дека тие институти, барем досега ни служеа да се фалиме пред некои странски делегации дека имаме институти, а контактот со оние со кои требаше да работат беше катастрофално мал, односно не ни постоеше. Несфатливо е во услови Македонија да се јавува како голем производител на патлиџани а до ден денес да не успееме да створиме свое семе туку

мораме да увезуваме од Холандија, Бугарија или, она што сме го створиле тука да го нема задоволувачкиот квалитет.

Овие институти не би требале да постојат за да ги имаме и да се фалиме пред светот дека имаме институти, туку да бидат во тесна врска и да ги решаваат проблемите што ги имаат самите земјоделски производители.

На оваа размисла ме наведе и самиот проблем пред некој ден група граѓани од општина Гевгелија и околината на Богданци посебно се обратија, каде има сега наезда на глувци и тоа во огромни количини, луѓето не знаат на кого да се обратат за им понуди заштита. Не се во прашање парите што треба да се дадат, туку е прашање да се најде институција или некоја организација што би им помогнала и гарантирала сигурна соодветна заштита од уништување на нивните посеви од страна на овие штетници. Не знаат, бараат помош од ваму од таму и после толку години да не знаат кому треба да се обратат за таа работа.

Навистина тие институти треба да ги симнеме од таму и да се прашаме дали треба многу од нив да бидат на товар од буџетот, сами нека остваруваат приход, како во светот каде таквите институти остваруваат многу добра заработувачка до колку се организираат пазарно, а не да бидат на товар на буџетот. Тогаш сигурно односите би се измениле и би имале некој нов квалитет, особено што не очекува ситуација, еве приватното земјоделие се повеќе ќе се развива и приватните земјоделци секогаш ќе имаат потреба од такви контакти, добиваше стручни совети и слично, бидејќи досега во комбинатите имаше колку - толку некои стручни служби за одредени области од земјоделието па некако ги решаваа тие проблеми. Меѓутоа, сега  индивидуалните земјоделци, а постои тенденција тој број да

биде поголем, имаме што поголема приватизација и во областа на земјоделието, ќе се судрат со проблемите од каде да добиваат стручни совети, како да ги добиваат од кого, и како да ги применуваат.

Во однос на тоа би апелирал до министерството и околу овој проблем да размисли, се понудат соодветни решенија. Едно од решенијата би било сите организации и институти од овој калибар да се симнат од буџетот или незнам, да им се намали таа помош па да ги ориентираме некако повеќепазарно да работат. Можеби и тоа, но за сега не би можел да дадам најтемелна оценка како би било најкорисно да се изврши таа организација.

На крајот навистина имаше голема дискусија. Сигурно дека не се надевам со ова да ги решиме проблемите во земјоделието, меѓутоа се надевам дека полека барем ќе почнеме нешто да разрешуваме. Се надевам дека, ете, државава навистина сфати дека оваа гранка и е потребна и дека ќе мора да најде начин да се помогне во секоја смисла, со тоа што сознанијата се дека е ова практично доминантна гранка можеби во стопанството на нашава Република. Треба да се размисли дали за развој на земјоделието се потребни само на- чините како субвенции, премии, регреси и сл., дали не постои и некој друг начин особено што тоа е на некој начин и носечка гранка. Ако таа не ја дотираме, од што ќе можеме практично да го полнеме буџетот

Ете, толку се моите размислувања околу ова, со надеж дека она најбитно прашање што сакав да го поставам околу агро-берзата, на него ќе добијам одговор.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, најпрво мислам дека треба почесто да расправаме за оваа точка, а расправата од страна на пратениците, дискусиите да траат многу пократко. Така изгледа дека сите многу се разбираме од земјоделие а на крајот ефекти од дискусиите нема.

III/7

Поточно, мислам дека Информацијата дадена од Министерството е многу опширна, се однесува за целиот аграр. Иако реално неинформиран за досегашните состојби и проблеми во аграрот, точките треба да ги поставуваме така во одредено време да постигнуваме добри ефекти. Кога се проблемите за сеидбата, кога е пролетната сеидба да имаме точка за тоа, со цел Владата да информира и ние да дадеме наши забелешки за динамиката на спроведувањето на полити- ката на Владата, а со тоа да имаме и ние наши ингеренции и забелешки што ќе ги дадеме, да бидеме запознаени затоа што се наоѓаме во ситуации да испаѓаме пред граѓаните, пред производителите дека не знаеме или ги лажеме.

Донесувавме полно закони од областа на земјоделието, севкупниот аграр што Владата треба да ги спроведе. Од тоа понекогаш многу работи не се спроведуваат. Не велам дека Владата може се да спроведе но треба да не информира што суштински може да спроведе а што не.

Би дал неколку примери. Мислам треба доследно Владата да ја спроведува својата политика, поточно за откуп на грозјето. Преку информативните средства беше кажано дека Владата има обезбедено преку примарна емисија на пари, преку деловни банки, за залихи, за откуп на произведеното производство. Кредити се дадоа а во поедини општини, на поедини производители сеуште парите не се дадени. Тука треба Владата да ја следи таа проблематика, својата политика до крај да ја спроведува, тоа што ќе се каже да се спроведе и од тоа да има ефекти и последниот граѓанин да биде информиран.

Потоа, некои недоследности во информирањето на производителите. Еден пример, крајот на јуни, почетокот на јули беше кажана гарантирана цена на тутунот. За тоа време многу голема цена. Незнам сега комукористи оваа информација. Беше 1800 денари, а тоа значеше некаде 5 марки. Да не

навлегувам дали била реална или не. Но, во споредба со сегашната цена, нешто фали, не е во ред, бидејќи сегашната цена не е таква. Сегашната заштитна цена е 2.200 денари а додека тогаш беше кажано ќе биде 1.800 денари што значи марката беше по 360 денари, значи 5 марки.

Во кредитно монетарната политика Владата, за давањето на кредити, не води грижа за производителот до крај. Во информацијата има дадено дека во вториот квартал есконтната стапка била 170%, а деловните банки ги давале средствата со камата од 20%. Праксата покажува дека откупните организации на производителите им дадоа камата од 20% месечно, и тоа со секој месец зголемување, а Владата за ова нема одговор. Мислам дека треба тоа да се прави за граѓаните . И Парламентот креира политика, а на крајот нема одговор зошто е така. Реалната камата не треба да биде толку. Тоа се навистина големи средства и со тоа треба да создаваме една политика за задоволство на граѓаните на производителот.

Сакам на министерот и на членовите на Владата да им кажам да одговорат на овие прашања, ние како пратеници да бидеме сигурни како да настапуваме пред граѓаните за севкупните проблеми во земјоделието.

IV/1 јм/см

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, како пратеник од погранично недоволно развиено селско подрачје сакам да кажам дека дадените предлози на заклучоци од Комисијата се сосема на свое место и среќа би било доколку во текот на оваа година барем делумно да се реализираат. Меѓутоа, јас би дал нагласок на состојбите на ридско - планинските места поготово пограничните места не само како што е Крива Паланка, туку и други места кои заслужуваат во сегашната и натамошните програми посебен третман. Вие и сами знаете дека тоа се терени, места кои што заради својата конфигурација наметнуваат • освен така да кажам ситното градинско сточарство во ресорите на индивидуалното стопанство друг развој на земјоделските гранки во целина речено во аграрот не се така конјуктурни и немаат такви природни ресурси и услови. Заради тоа сакам да го истакнам проблемот дека развојот на индивидуалното сточарство засега во сегашната програмска ориентација не е доволно фаворизиран не само во однос на координацијата помеѓу постојните земјоделски задруги, туку и државата како таква не обратила доволно внимание на оваа состојба. За пример ќе ви кажам дека на одредени подрачја, некои кои ја знаат Крива Паланка познато им е дека во времето од пред 20, 30, па и повеќе години имало преку 40 иљади овци само на еден планински масив таканаречен Калин камен, додека ние сега немаме ниту 5.000 овци на тоа подрачје. Што значи искористеноста на природниот ресурс на пасиштата итн. скоро е никаков. Тоа е едно. Второ, имајќи ја во предвид постојната најизразена миграција на ова подрачје на пасиштата кои се и во другите селски населби

така речиси десетоструко зголемени заради необработливоста на земјата исто така зборува дека сточниот фонд скоро е сведен на една десеттина. Тоа зборува дека негрижата на селото во претходниот период била и те како изразена. Затоа сакам да нагласам имајќи ги во предвид и претходните полемични дискусии можеби постоењето на еден ваков систем и начин на работа каде што условите во давање на приоритет на стратешките развојни ресурси најверојатно кога би постоел овој повеќепартиски систем сигурно би дошла до израз и оправданоста на развојот, не сега, туку од порано, така што ние сега заправо би го надоградувале овој процес. Имајќи го ова предвид мислам дека се наметнува неопходна потреба на некој начин Владата и ние тука како Парламент да се заангажираме во стартувањето на индивидуалните земјоделци кои сакаат да се бават со сточарство, со давање на поволни кредити во самиот почеток за да тие постепено успеваат понатаму сами да се снаоѓаат, имајќи го во предвид пред се она најосновното, а тоа е пасиштата и исхраната на добитокот. Другиот вид на сточарење со крупен добиток итн. на овие ридско - планински места не е така актуелен затоа што тој не дава добри резултати, природните услови не условуваат итн.

Понатаму сакам да кажам во врска со развојот на сточарството во овие пасивни краишта неминовно се наметнува и односот помеѓу државата, односно претпријатијата кои се бават со откуп на овие средства со давањето на регреси, камати итн. Тие да бидат навремено давани, затоа што вие и сами знаете дека сега во оваа галопирачка инфлација има такви состојби присутни што на пример во време на откупот на јагнињата можеби во текот на наредниот ден цената на продажбата на јагнињата се менува,

така што меѓу луѓето создава една голема обесправеност за која смета дека е крива самата работна организација, меѓутоа се работи за еден проблем кој е присутен во целата држава. Така што тоа се односи кои на некој начин државата би требала во понатамошното свое работење да ги има во предвид. Друго, мислам дека е неопходно потребно не само развојот на сточарството, туку и развојот на другите дејности на село да биде така направено да сите овие конјуктурни на пример пченицата, маслодајната репа, шеќерна репа сите овие производи на некој начин треба да се фаворизираат. Исто така, и производството на риба, на месо, на млеко, нештата кои се увезуваат треба да се води една таква стратегиска политика и во текот на наредните години ние да бидеме во состојба на големо да извезуваме вакви производи, а не да увезуваме. Мислам дека вака гледано, гледано од аспект на стручниот кадар кој се бави со оваа проблематика, Македонија е заправо при- родно стратешки одредена таа да се бави со овие ресурси, со овие дејности. Вие и сами знаете дека сите земји кои се бават со производството на храната тие на некој начин не претставуваат никаков проблем во своето егзистирање, ниту пак во развојот на другите структури кои почиваат на развојот на оваа гранка. Така што гледано од овој аспект ние овој проблем треба да го имаме во предвид и заради тие причини државата треба со својот стручен кадар тоа најсериозно да го има како постоечки проблем и проблем кој може да се разреши. Јас само сакам да нагласам, гледам тука има и мои и други колеги кои работеле во странство во азиските и афричките земји што наши стручни луѓе кои од тука произлегуваат во тие места од пустина прават родни парцели итн. меѓутоа сега се доаѓа во состојба да нашата земја која е природно наградена со едно такво нешто во состојба е да увезува месо и други прехранбени

артикли. Ова заради тоа што проблемот на земјоделието треба да биде превасходен заради тоа што преку 70% од населението кај нас сеуште живеат на село. Друго, сите ние кои не се бавиме со земјоделие всушност се троши за прехрана, а тоа нас не обврзува овој приоритет, оваа стопанска гранка мора да има еден ваков третман. Во врска со ова сакам да кажам дека исто така приоритетно место во однос на развојот на аграрот, на земјоделието треба да си добијат и мини акумулациите со целата своја водна мрежа затоа што на тој начин постојната земја која сега пустелува ќе се оплемени и всушност ќе добиеме едно облагородување како на селата, исто така мислам дека тој благодет ќе го почувствуваме и сите ние. Јас не се сложувам тука некои што изнесоа дека одредени заклучоци се донесуваат декларативно. Факт е дека не се доследно извршени одредени концепции кои се од претходните години во однос на задоволување на премии, на регреси итн. на земјоделците, меѓутоа вистина е и тоа дека и сите други ресурси во стопанството, во ресорот на здравството итн. такви едни недостатоци ги поднесуваат. Така што мора во овој смисол и земјоделците да сфатат дека состојбите во земјата не се баш такви какви би сакале и тие и сите ние. Меѓутоа, времето работи на тоа. На пример во Крива Паланка ќе ви кажам дека ние за овие 2-3 години баш заради фаворизирање на развојот на инфраструктурата на село, на сточарството итн. ние имаме и те како добри резултати, дури можам да кажам дека имаме резултати кои за две години е повеќе на- правено отколку што е направено за претходните 10 години. Така гледано јас мислам ние треба да се запрашаме зошто е интересот на пример за развојот на село таков,

интересот за развојот на селото е присутен и кај селаните. На пример на граничниот премин во Крива Паланка за неколку месеци имаме преку 1000 трактори на индивидуалните земјоделци кои се тука во Републиката донесени што мислам дека не е случај само во Крива Паланка, туку тоа е случај и во другите гранични премини. Зборот е што едно вакво осовременување на технологијата во производството најверојатно ќе бара од државата ако не друго барем да им се обезбеди соодветна сер- висна служба која на некој начин во догледно време треба да ги одржува овие технички помагала.

Друго, во остварувањето и во оживувањето на селото мислам дека е неопходно потребно да се ангажира исто така и нашата македонска армија затоа што тоа е всушност изворот на нашата младост. И во досегашното работење во подрачјата како што е Крива Паланка Армијата имаше еден свој удел каде што скоро во секој инфраструктурален објект се вградуваше. Меѓутоа, создавањето на нови акумулациони езерца и други водо опскрбни објекти итн. не се само од интерес на селаните, туку се и од стратегиски интерес, од интерес на одбраната итн.

И на крајот да заклучам, мислам дека сите овие полемички дискусии не треба да добиваат негативна конотација бидејќи партиската определба на сите ни е кои го сочинуваме Парламентот беше во смисла на тоа на аграрот, на земјоделството да се даде приоритет. Според тоа, доколку некој настапува така критички да се однесува, мислам дека тоа е со најдобра намера, Но не сакам да пропуштам и тоа дека во времето кога постоеше зелениот план и кога се даваа одредени кредити за стимулирање на земјоделието некои луѓе имаа можности и тогаш да критикуваат, меѓутоа тие средства завршуваа по други канали и по други потреби.

IV/6

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, не сакам да се повторам со многумина пратеници, меѓутоа јас ќе се задржам на некои други аспекти што се однесува до земјоделието. Во подрачјето на општината Кичево во непосредна близина на ТЕ Осломеј се врши површински ископ на јаглен за потребите на термоцентралата и со тоа годишно се исфрлуваат од употреба, односно користење значителна земјоделска површина. Слично се поставува и во други делови на Републиката каде се врши површинско користење на рудни богатства. Сметам дека надлежните министерства при давање на одобренија за експлоатација да ги обврзуваат организациите корисници на локациите истите локации да ги преведат во култура, или со јазикот на народот речено се претвораат во обработливо земјиште. Од друга страна пак со користењето на непрочистени води од сепарацијата на рудникот Тајмиште во подрачјето на општината Кичево се врши деградација на земјоделското земјиште со што значително опаѓа производството на сточната храна кое нешто директно влијае врз намалувањето на сточниот фонд односно овците. Кон ова значително придонесува и ширењето на шумите преку пошумувањето на површини кои претежно служеле за испаша на добитокот. Предното налага за потребно Владата, односно Министерството да изврши инвентаризација на целокупното земјиште со што ќе ги утврди односите помеѓу одредени категории земјиште како би се во иднина запазил барем сега утврдениот однос. Досега изнесеното претставува само еден аспект. Додека другиот аспект е прашањето на напуштеното земјоделско земјиште за кое нешто сметам дека е потребно да се изврши нејзино евидентирање и врз истите да се спроведе Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште кој е во сила.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот ќе ја изнесам мојата констатација дека и со денешната дводневна јалова, како и со тродневната февруарска расправа ама со ништо не ја подобривме состојбата во земјоделието во нашата Република. Собранието го направивме да наликува на бившиот Централен комитет кој носеше исти такви заклучоци како и овие што денес ги нуди Комисијата за земјоделство, а ја маргинизиравме основната функција на овој дом која е донесување на закони и да овозможува амбиент за успешен напредок на сите дејности, па и на земјоделието. За ова мораме да бидеме како пратеници самокритични и да признаеме дека никој не ни е виновен, ниту Министерството за земјоделство, ниту Владата затоа што информацијата која е на расправа ја побаравме ние пратениците. И таа требаше да ја прифатиме како информација, а расправата според моја оценка едноставено требаше да ја избегнеме. Ние вкупно пет дена ги прераскажуваме секој од свој аспект проблемите на земјоделците и правиме напори душебрижнички да се однесуваме кон нив, а забораваме дека основна задача наша е тие проблеми по законски пат да ги решаваме, а не да им ги прераскажуваме на тие што тие исти проблеми практично и ги доживуваат секојдневно. Еве еден практичен пример кого треба да убедуваме дека во ваков политички и економски амбиент 20.000 земјоделски семејства во струмичката општина која располага со просечно 1,3 ха обработлива површина ќе можат на ваков начин да преживеат доколку под итно како Парламент, а пред се како Влада не понудиме нова адаптирана на фактичката состојба стратегија за развој на земјоделието во Република Македонија која ќе биде пропратена со нови адекватни законски проекти чија задача е наша ние да ги донесеме. Јас

колку што знам во процедура во Собранието нема ниту еден закон од областа на земјоделието. Оттука немаме причина почитувани пратеници и ние да се ставиме на страната на оние кои што само критикуваат и негираат, туку да застанеме на онаа страна за која сме избрани и ни е дадена доверба да го оформиме политичкиот и економскиот систем кој ќе овозможи поблагопријатна состојба и на земјоделието во нашата Република. И кога сум веќе тука сакам да дадам одредени појаснувања на неколку дискутанти кои во своите дискусии критички, но морам да кажам навистина неаргументирано се осврнаа кон мелничко - пекарската индустрија во нашата Република.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:** (продолжение)

Според 7.200 вработени во таа индустрија со една констатација дека тие во јули месец скоро без пари по нивна оценка ја откупија пченицата, а сега продаваат скапо брашно и скап леб. Јас би сакал да ги потсетам и тие пратеници и сите присутни дека во јули месец пченицата се плаќаше по 33 фенинга по килограм, а денеска јануар месец 1993 година се продава едно парче леб, готов леб за 35 фенинга. Исто така вработените во мелничко-пекарската индустрија би сакал да кажам еден најсвеж податок за вработените во Жито-Струмица, таму сум на некој начин и јас присутен, за декември месец примија во просек 85.000 денари плата по вработен со работа која 50% од работното време е ноќна работа, која како што ви е познато се плаќа со 40% зголемена вредност. Би рекол дали таа плата на тие вработени е навистина голема и дали тие ја зедоа пченицата без пари и сега не знаат што да прават со тие пари што ги заработуваат од граѓаните преку продажбата на лебот.

Исто така, би сакал да ја искористам оваа прилика да изнесам еден проблем кој беше настанат во подрачјето на општина Струмица, а тоа во текот на божиќните празници, или поточно на 5 јануари температурата на воздухот во Струмичката котлина која се движеше од +7 до 8 степени С нагло се спушти на минус 22 С на 5 јануари, потоа на 6 јануари таа се спушти на минус 25,6 степени, а на 7 јануари истата се спушти на минус 27 С, што претставува вистинска поларна температура која не е вообичаена за овој регон на нашата држава. Од таа причина во петокот на 8 јануари и во понеделникот на 11 јануари разговарав со поголем број земјоделски стручњаци, со вработените во Метеоролошката станица во Струмица, во Институтот за земјоделство во Струмица и со директорот на земјоделскиот

V/2.-

комбинат "Струмица", како и со поголем број земјоделски производители кои како нивен пратеник во овој Парламент на Република Македонија ме задолжија да го изнесам проблемот и да побарам од Владата на Република Македонија, поточно од Министерството за земјоделство и Министерството за финансии да формираат стручна работна група која веднаш ќе отпочне со согледување и оценка на штетите во земјоделството, кои се како последица на оваа елементарна непогода. Од овој краток увид кој беше направен за овие денови, од овие исти стручњаци се спомнува дека пред се, виновата лоза и тоа сортите кардинал, афусали, вранец се оштетени од 80 до 90%. Кај рано посадочниот материјал, односно расадот кој што е за раноградинарски култури, исто така има големи оштетувања заради премрзнатост, а индивидуалните земјоделски производители кои навистина не очекуваат и не беа спремни на така ниски температури, има огромен број од оштетувањата кое се однесува на механизацијата, а пред се кај тракторите кои се изложени на надворешно влијание, така да има голем број на трактори чиј оштетувања се однесуваат на блоковите на самите машини. Од напред наведената причина, ги молам сите пратеници на Парламентот на Република Македонија, без оглед на која партија припаѓаат, или пратеничка група, да го прифатат следниот заклучок: "Парламентот на Република Македонија ја прифаќа иницијативата на пратеникот Ванчо Младенов од Струмица и ја задолжува Владата во рамките на нејзините овластувања да ги преземе сите мерки за спроведување и спречување на последиците од енормно ниските температури на подрачјето на општина Струмица кои беа во првата декада од јануар месец 1993 година.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не сакав да станувам, но вчера имав еден разговор и чекав да се каже нешто во врска со Штипскиот регион во општи црти некој се држеше

само на своите региони. 145 семејства , не сакам да коментирам в о текот на 1992 година зеле кредити од банката за ѓубрива и за други препарати на оризот. Некој зел 400 илјади, некој повеќе, некој помалку. Ги зеле од банката и нормално тие кредити не можат да ги исплатата на време и каматата како што рече претходниот пратеник, каматата од 40 до 100% и луѓето никако не можат да ја исплатат, не долгот, туку каматата. Што се случува сега? Производството од 5, од 6 или повеќе тони ориз стои дома непродаден. Тоа е таа работа што вчера ја рековме и денеска многу дискутираа за неа, дека никој не се интересира за пазарот. Од 15 април 1992 година до денес каматите на 400 илјади денари изнесуваа околу 2 милиони денари. Тоа запишете го убаво, не е криво земјоделието сега бидејќи таков закон постои во банките се чудат луѓето сега производството им седи не се продава, каматите секојдневно растат тие што се банкари и економисти знаат како изгледа тоа, луѓето не можат да ги вратат каматите и се молат да се најде излез. Како ќе се најде излез. Според мене, според моите сфаќања може тие кредити да станат долгорочни, или да се замрзнат за извесен период. Ако продолжат каматите да им растат, луѓето немаат пари да ги внесат во банката, што ќе стане. Тоа е најинтересно, не е интересна политиката. Ако продолжат да растат каматите, а луѓето немаат пари да ги исплатата, што ќе стане. Банката, судот има право да им одземе од непокретната имовина. А што ќе му земеш на селанецот? Ќе му ја земеш нивата и ќе му ја продадеш,ако не може да ја продаде нивата, ќе му ја продаде куќата, ќе му ја продаде кравата, ќе му го продаде волот, и не велите дека не може, затоа што во оваа наша држава, во оваа ситуација, како ние што ги гледаме работите, како што можеш да украдеш една цела држава, сигурно ќе му ја продадеш и куќата. Според тоа, јас ве молам, односно ја молам Владата да ја испита ситуацијата во Штип и секаде каде

што има такви кредити. Преку Народната банка, знам некој ќе стане и ќе ми кажува некои закони, што кај нас тие закони уште не важат. Ми се чини дека од банките од каде што се зеле кредитите да најдат излез да се спасат луѓето од малтретирање. Интересен е еден случај денес што го забележав. Кога зборуваше господинот Гошев, кажа убави работи и спомна како била ситуацијата пред 15 години. Тоа е одлична работа, но не кажа една работа дека и тогаш некој му ракоплескаше. Не велам за Гошев, за претходниците на Гошев, а тогаш Гошев им ракоплескаше на некои, а истите луѓе ракоплескаат на Гошев. После 15 години истите луѓе се јавуваат и му ракоплескаат на Гошев. Не се прашуваат тие луѓе што направија за тие 15 за другите 15, за третите 15 години. Не направија ништо, само ракоплескаа. Си ги кршеа прстите, рацете.

Предлагам заклучоци. За да се дојде до едно окончување да престанеме да филозофираме и да читаме реферати, се согласувам со Гошев, јас пред 20 години сум ги спомнал напишани во хуморот, или незнам каде, со тие игри да се престане. Да се донесат заклучоци. Прифаќам некои заклучоци од многу пратеници од Реформските сили и од таа страна и од нашата страна, меѓутоа, јас мислам вака: во заклучок да влезе во рок, да не кажете сега мајката Митко им дава рок, но подобро да дадам рок, затоа што ќе заборават и нема да почитуваат ни рок ни ништо. Во рок од 15 дена Владата да предложи закон за враќање на целото земјиште на оние на кои им припаѓа. Тоа е прв заклучок. Знам дека ако кажам месец дена, треба тоа да се чека 10 0 години. И вие ќе си одите, и ние ќе си одиме и други ќе си одат и ќе други ќе дојдат и само ќе ракоплескаме и ќе си одиме. По можност, вчера напомнав да се формира таа аграрна берза. И ако сакате сето тоа да го покриеме и да излеземе чесно  од оваа сала еден ден ние, да

V/5.-

ги оставиме сите тие наши предрасуди на лицемерие и на полилогија, а јас обично си зборувам како што ме научила мајка ми, затоа што не разбирам многу да филозофирам и не сакам да филозофирам, Владата треба да обрне внимание повеќе кон селото, да заживее селото. Инаку како што почнавме да се натрупуваме во градот и како што ни изгледаат работите, ние ништо нема да направиме, а селото ќе си биде село, а ние ќе бидеме ние што сме и никакви ќе бидеме. Јас вчера спомнав некои региони во западниот дел не именував, но ми се чини во западниот дел иако немаат и вода иако се тие ридско - планински местенца, на некој начин ги повратија козите, на кои на времето им пречеа роговите, ги вратија, ги повратија полека селата и овците и тоа што беше неработено почнаа да го работат и има една таква слика дека повеќе таму се зачува населението. И нормално таму убаво ќе тече работата и ќе заживее се- лото и нема да се занесуваме со Гуливерови патувања, не можеш да ткаеш ткаенини со пајаци, треба овци. За да има овци треба да биде- ме свесни како треба да се однесуваме со тие овци и како треба да работиме. Не сакам многу да филозофирам, но сакам да ме запамтите и тоа ви го препорачувам како што ме гледате. Во мојата совест никој не е човек кој е лицемер и кој многу зборува, многу филозофира. Јас еден ден реков дека ние сме луѓе при крај. Повеќе да погледнете пред очиве, да си ги погледнете луѓето со кои што живеете и така спремни да идете без реферати овде, да ја кажувате вистината и тогаш ќе ве сакаат луѓето. Лесно да најдеш и Уди и Парисеј, а тешко да најдеш луѓе.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас побарав пред малку реплика, фактички не се јавив за дискусија, меѓутоа сакам да обрнам внимание дека и во моето прво излагање кога беше пред пратениците, укажав на тоа ние помалку да

расправаме за овие проблеми кои денеска се расправаат од селото и сите пратеници од своите краишта да ги си кажуваат проблемите од земјоделството кои се наметнуваат. Ние можеме уште неколку дена да дискутираме за сите тие проблеми, меѓутоа целта беше како да ги надминеме овие проблеми и кои мерки треба да се преземат за да се подобри состојбата во аграрот. Од тие причини Комисијата за земјоделство со оглед на тоа што јас кажав и вчера дека ние поединечно не бевме Собранието да расправа по поединечни информации, како што беа за проблемот на тутунот, на јаболката, на оризот итн., меѓутоа, рековме да се изготви една поцелосна информација за целокупните состојби, а исто така и да се предложат и мерки за надминување на тие проблеми. Со оглед на тоа што ние не добивме таква информација, Предлог на мерки за надминување на тие проблеми, Комисијата сметаше дека треба од своите сознанија што ги имаше за тие проблеми да предложи свои мерки со кои ќе поттикне Владата да изнајде некои решенија и во изготвувањето на својата макроекономска политика и во предлагањето на Буџетот за 1993 година да ги има предвид овие проблеми со цел да обезбеди повеќе средства во аграрот и да се надминат овие проблеми, така што аграрот да може да доживеа онака како што ние бараме и што е потребно за Републиката. Меѓутоа, овдека се кажаа некои работи, посебно за овие заклучоци тука Перо што ги изнесе, можеби за Перо овие заклучоци се и комунистички и социјалистички затоа што тој се сеќава и ги пишувал тие, бил осум години во ЦК и секаде, меѓутоа во нашата комисија мислам дека нема такви да пишуваат такви заклучоци. Инаку морам да кажам дека и минатата година ние донесовме заклучоци и тие беа на некој начин и Перо и тогаш ги критикуваше. Меѓутоа, тие заклучоци земјоделството оваа година имаше доста погодности. Јас само да набројам дека доплатата на земјоделските производи од ланската реколта, тутунот и другите производи кои ова

Собрание ги донесе, сепак земјоделците имаат корист. Донесувањето на Законот за земјоделските пензии, земјоделците немаа фактички никаква пензија, земаат како за една кутија цигари пензија, со донесувањето на Законот сепак тие примаат некаде 50% од најниската пензија.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:** /продолжение)

Вие знаете дека ова Собрание тоа го донесе врз основа на тие заклучоци кои ги донесе. Исто така земјоделците во 1992 година на Предлог на ова Собрание беа ослободени од данок од земјоделска дејност на оние на кои им беше единствено занимање земјоделието.

Понатаму, регресот за нафта исто така поволно влијаеше за извршување на пролетната сеидба, меѓутоа, со оглед да Владата не можеше да обезбеди средства за целосните потреби на земјоделието од нафта, таа одлука ја спроведуваше до извесно време потоа таа одлука беше укината поради немање средства во Буџетот.

Исто така, донесувањето на Законот за поттикнување на земјоделското производство многу поволно влијаеше за развојот на земјоделието, тоа е веќе друга причина што Буџетот се судри со средства и сега нема доволно за да не исплати премиите, регресите и сите поволности што треба да ги има земјоделието. Ова сигурно не е ни социјалистичка мерка ни комунистичка, меѓутоа, во Западна Европа, ЕЗ земјоделието исклучиво се одржува повеќе од буџетите и таму скоро повеќе од 50% од нивните буџети се регресира земјоделското производство. Ние ако на овој начин не го поттикнуваме земјоделското производство сигурно нашите производи не можат да бидат конкурентни на Европскиот пазар и никаде надвор од нашите граници. Затоа со овие мерки, со овие заклучоци ние фактички предупредуваме Владата да ги има предвид при изготвување на својата долгорочна политика за развој на земјоделието и затоа предлагам овие заклучоци од Комисијата да се сфатат правилно, да бидат донесени и да се залагаме за нивно спроведување во живот.

VI/2.-

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас не ги читав и пишував овие заклучоци пред 8 години, туку јас сум ги читал 20 години овие заклучоци. Од тогаш кога јас сум почнал веројатно и пред тоа постоеле такви заклучоци. Меѓутоа, јас од тогаш сум почнал да читам заклучоци бавејќи се со проблематиката со која сум се бавел особено од кога сум дипломирал како економист. Сега не можам ништо да сторам против тоа што некои сеуште знаат што е социјалистички стопански систем, односно не знаат и што е пазарен стопански систем, тоа секому како му е дадено. тука не можам ништо да сторам во врска со тоа. Што е дисгрибутивана економија, што е административна економија, што е полупазарна, што е пазарен систем итн. Се разбира, секој има право да си го брани својот поглед на работите, но ние во Уставот запишавме друг стопански и политички систем.

Овие заклучоци вака како што се дадени не се во согласност со таа логика на тој систем што треба да функционира и совршено ни е јасно дека земјоделците ни трошка нема да им се помогне на тој начин со тој систем што го имавме, бидејќи врз основа на тој систем ние денеска констатираме дека селото е испразнето, земјоделците се осиромашени, земјата опустошена. Но, тоа е друга дола приказна, сега на не навлегувам во идеолошката сфера, ние со Марин продискутиравме малку претходно, не се разбравме и не мора да се разбереме секој нека си остане со своето разбирање на работите и затоа впрочем се повеќе политички партии, повеќе политички програми кој на која останува, кој кон која се приклучува. Тоа е полно право на секој поединец.

Не сакам да кажам кога побарав збор, сега не побарав заради тоа што г-динот Марин ме спомна, побарав претходниот врз основа и мотивиран од

реакцијата од она што го кажав со која заклучив дека не бев сосема разбран во смисла на она кому му беше упатено тоа што го кажав во врска со карактерот на заклучоците. Тоа не го кажав ни за левата, ни за десната страна заради едноставна причина јас ги гледав заклучоците што беа понудени, а совршено ми е јасно дека заклучоците што беа понудени овој пат не ги понуди Владата на Македонија, за да ја оквалификувам низ конкретниот чин неосоцијалистичка или неокомунистичка, не ни понуди ниту една поединечна парламентарна група за да кажам дека левата или десната страна е на тие позиции, туку тие заклучоци ги понуди Комисијата за земјоделие која е составена од сите парламентарни групи. Не сакав исто така да се осврнувам на поединечни дискусии кои според моето разбирање на работите се на таа идеолошка политичка платформа, такви ги имаше, според моето убедување, затоа не сакав да навлегувам од сите страни на овој Парламент и од лева и од десна и од назад и однапред по моето разбираше. Се разбира, имаше и сосема конкретни, исто така по моето разбирање добри предлози и дискусии кои се согласуваа со моето разбирање на работите

Тоа сакав само да го прецизирам што ми се стори дека во прв момент не беше најпрецизно разбрано.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колети, јас ќе бидам краток, само сакав да укажам дека ние расправаме за една суштествена област во нашиот стопански систем земјоделието во кое го вклучувам и сточарството.

Основа за таквата расправа се двете информации, информацијата за состојбите во врска со откучот на земјоделските производи од реколтата

1992 година и посебната информација за вкупните состојби во Аграрот во 1992 година. Мислам дека тие две информации претставуваат една интегрална целина и нивната содржина и она што ние расправаме веќе два дена мислам дека освен можноста за прецизирање на одредени мерки за натамошно унапредување на земјоделието претставуваат основа за договор за макроекономската политика за 1993 година, што е во фаза на подготвување.

Кога сум тука, тргнувајќи до материјалите во врска со оваа проблематика и од она што беше како дискусија во врска со материјалите, ќе подвлечам дека земјоделието, според многу нешта,претставува половина од стопанството. Држава со развиено земјоделие има гаранција за стабилни односи во стопанството на таа држава. Каде немаме земјоделско производство секогаш ќе се соочуваме со инфлација и со нестабилно.

Оттука, значајно е да се расправа за оваа проблематика и тоа гледано од низ призмата на пазарното стопанство. Би рекол дека земјоделието не може да се развива само со политички заклучоци напротив потребни се конкретни мерки и нивно доследно остварување. Несреќата е во тоа што кај нас немаме акумулации во другите области од стопанството, индустријата, туризмот. Кога би имале повисока акумулација во тие дејности сигурно со прераспределба на таквата акумулација преку Буџетот и другите форми сигурно ќе се развиваше подинамично земјоделието и заради тоа мораме да употребуваме примарна емисија за поттикнување на развојот на земјоделието. Свесни дека примарната емисија од друга страна претставува генератор на инфлацијата. Но, што можеме во услови кога сеуште се соочуваме со проблеми во другите области. Инаку, во други земји каде спомнатите области забележуваат висок тренд во развојот и висока акумулација, тој проблем на користење на примарната емисија не се поставува.

Меѓутоа, мораме да кажеме дека земјоделието го заслужува своето место во развојот затоа што за разлика од некогаш кога тоа во структурата на општествениот производ учествуваше со повисок проценети во последно време не поради поголемиот развој на другите дејности, туку поради евидентната запоставеност на земјоделието тоа доцни, назадува, тоа е подолу од другите дејности односно учеството на земјоделието во создавањето на општествениот производ е намалено. Меѓутоа, за развој на земјоделието врзано со развојот на земјоделието со право беше кажано тука дека е врзана положбата и развојот во селото, каде главно се врши земјоделската дејност. Освен декларативните изјави за ревитализација на селото, унапредување на селото ќе мораме да предвидиме конкретни мерки кои ќе бидат опфатени со Буџетот за 1993 година, ќе бидат опфатени средства што ќе значат помош за да се надминат одредени инфраструктурни проблеми на село, а и за потребата од изградување на преработувачки капацитети особено за преработка на земјоделски производи кои како финални производи би се продавале и со тоа да се реши проблемот со пласманот.

Но, кога сум кај пласманот, откупот на земјоделските производи, тука мораме да сметаме освен на мерките на државата и евентуално на користењето на така наречени државни резерви за ублажување на проблемот на откупот на земјоделските производи ние мораме за сметаме и самите претпријатија и самите производители вклучувајќи ги индивидуалните земјоделски производители да се организираат во духот на пазарната економија преку создавање на здруженија, создавање на така наречени претпријатија со ограничена одговорност значи еден вид ортаклук се со единствена цел на време да се обави откупот и пласманот на ваквите производи.

VI/6.-

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас немаше да се впуштам во дискусија, меѓутоа, одредени дискутанти кои стално наметнуваа прашање на каматните стапки ме предизвика да кажам и јас неколку збора.

Мислам дека основниот проблем на Македонската економија е во ниското производство кое по сите наши предвидувања се цени оваа година дека дали ќе ја достигне бројката од 1,8 милијарди долари. Со такво производство, односно репродукција не треба да очекуваме д асе реши ни еден проблем, бидејќи со таквото производство ќе не следи една висока стапка на инфлација и при висока стапка на инфлација од 20, 30, 50% месечно не можеме да очекуваме услови во земјоделието и да се решат одредени проблеми во земјоделието. Денеска имаме каматна стапка од примарната емисија 15% месечно и при постоење на каматна стапка од 15% месечно никој не треба да очекува дека може некој да обезбеди ниски каматни стапки, па било за која област од економијата да се работи, па и за земјоделието. Оттука јас сметам дека Парламентот не треба да го претвораме во Влада, во Министерства, во месни заедници кое треба да се занимава со решавање на конкретни проблеми, затоа имаме министерства и денеска треба, ако сакаме да дискутираме, требаше да бараме од Министерството да има Програма за работаа за наредната година во земјоделието и во кој правец ќе ни предложи мерки за да ја зголемиме продуктивноста во земјоделието. Без зголемување на земјоделското производство со производство во Струмичко подрачје од еден декар или хектар со 500 до 1000 килограми пиперки, ние не треба да очекуваме дека состојбата во земјоделието ќе ја решиме со регрес и со друго. Состојбата во нашата економија односно во земјоделието ќе се реши со високи

приноси и со висок квалитет. Минатата година овде дискутиравме и формиравме берза за земјоделски производи. Дискутиравме дека ќе извеземе производство, но од сето тоа извезовме само еден ладилник во Холандија и со тоа престанавме. Зошто? Затоа што нашиот квалитет е толку низок што не може да оди. Оттука сакам да укажам дека би требало да престанеме, а да бараме под најитна временска дистанца Министерството за земјоделие да ни понуди програмата развој на земјоделието и за решавање на проблемите во земјоделието. Тогаш да кажеме дали се согласуваме или не се согласуваме и да ги задолжиме да го спроведуваат ова. Ако цениме дена земјоделието Парламентот ќе го решава, Парламентот ќе дава регреси, Парламентот ќе ослободува од камати, сметам дека ниту ќе влеземе во пазарна економија, ниту на македонската економија ќе и ги решиме проблемите.

Второ, на Владата, но не гледам претставници од Владата не знам како оваа Влада ќе поднесе на овој Парламент макроекономска политика, како ќе ги реши проблемите и како ќе обезбеди најавена инфлација од 104% годишно ако не ги сослуша проблемите и не пред- ложи една макроекономска политика која ќе биде прагматична -реална која ќе ги содржи постојните проблеми и ќе даде реални решенија за излез од оваа ситуација.

Понатаму, ако ние во нашето земјоделие не ги отворевме пазарите во просторот на Бивша Југославија, нашето производство, нашиот квалитет на земјоделски производи засега не е способен да конкурира на Европа. Голем дел од вас сигурно сте имале прилика да го видите квалитетот во развиените европски земји, така што овие работи ако се поставаат и ги побараме од Владата и откако таа ќе ни ги презентира овде ние да укажеме на тие работи и бараме она што е реално да се спроведе.

Второ, не можат сите земјоделски производи кои се произведуваат на територијата на Македонија да бидат од стратешка важност. Во секоја област има неколку производи кои можеме да ги наречеме стратешки. Сето друго ќе биде изложено на пазарната конкуренција и од квалитетот и квантитетот, односно од продуктивноста и економичноста тие можат да се борат или да не станат како такви да се родат други производи.

Молбата е да не навлегуваме да бараме и да даваме одредени изјави дека банките се тие кои ги поскапуваат или не ги поскапуваат производите односно ги намалуваат и ја создаваат инфлацијата. Банките во РМ работеле и работат со маржа од 4% и пред 4 години и сега работат со маржа со 4% годишно. Спрема тоа, не може во инфлација, во каматни стапки од 1000 до 1500% годишно маржа од 4% да ги наруши токовите во економијата или не може да ги наруши. Оттука мислам бидејќи баравме информација ја поддржувам Информацијата која ни е дадена за откуп затоа што таа ги третира проблемите на откупот, а не проблемите на земјоделието во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Видете, за да можеме да ја приведеме кон крај оваа расправа која е дводневна и многу обемна и би рекол претенциозна бидејќи луѓето имаа намера нешто крупно да се реши, да не пропуштиме нешто да може да се реши а да не решиме, ќе биде многу важно како ќе завршиме. За тие две работи е многу важно министерот да ни каже какви впечатоци има од расправата и што предлага уште, но ве молам сите кои зборуваат овде како да изгледаат заклучоците вака или онака нека подготват писмени предлози

како да изгледаат заклучоците оти без писмени заклучоци јас не можам да се снајдам, еве од Комисијата имаме писмени заклучоци кои можат да се видат, па затоа би ве замолил сега да направиме пауза, вие да ја завршите таа работа и повторно да се состанеме во 14,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,05 часот).

VII/1 ЈМ/ЛБ

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор господинот Ефтим Анчев.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа пред да се осврнам на дискусијата по оваа Информација која беше предмет на дискусија во Собранието, ќе ми дозволите да ви кажам неколку карактеристики за земјоделското производство во Македонија. Најнапред би сакал да го кажам моето стручно мислење и да ве уверам дека Македонија нема толку идеални услови за земјоделско производство како што сите мислат и како што провејува една мисла дека ние сме аграрна земја и има идеални услови за земјоделско производство. Струката и науката покажува дека не е така. Само неколку цифри, Македонија има вкупно земјоделска површина милион и триста илјади хектари вкупна земјоделска површина и тој однос во овој тотал е фифти, фифти, значи 50% се пасишта летни зимски, а само 50% од оваа земјоделска површина е обработлива површина што се работи. Значи некаде околу 650 илјади хектари Македонија има вкупно обработлива површина што грубо пресметано изнесува три ипол декари по жител што е многу малку земја. Значи основниот услов за земјоделско производство земја, неа ја немаме во доволни количини, а згора на тоа оваа земја кај нас ниту е рамна, се е тоа најголем дел по брда, по ридишта па не ретко се случуваат и несреќи, тумбање на комбајни и несреќни случаи Така што сакам да се има во предвид дека не сме во идеална состојба Од друга страна климата кај нас, а сите тоа го чувствуваме е многу неповолна, имаме остри зими, имавме најниски температури во цела Европа, а летно време страшни горештини и сушата се манифестира како катастрофален лимит на нашето земјоделско

производство. Згора на тоа општествените услови и политичките услови не биле многу благонаклони кон развитокот на земјоделството што претставува и од историскиот развиток на овие наши балкански простори. И само една паралела високо развиено земјоделство имаат високо развиените западни земји во Европа. Нај развиено земјоделие како што знаете има Холандија, Франција, Италија, Германија, па дури и Британија која што беше карактеризирана како високо индустријализирана земја од 1945 година па се досега во земјоделието е масовно дезинвестирано и покрај тоа што имало инвестициони зафати и потези, меѓутоа масовно дезинвестирано, селанецот живеел слабо и ден денес сеуште живее слабо. Тоа се социолошки податоци за кои што нема потреба многу да се докажуваат. Затоа имавме огромна миграција од село во град, бидејќи никој не сака да живее каде што е полошо и секој вика "фали село, а живеј во град", затоа сите испобегавме во градовите. Уште потрагична била ситуацијата до 1945 година и тој период не смее да се заборави во таа версајска Југославија кога македонскиот селанец бил катастрофално експлоатиран. Инаку би сакал да ви кажам дека и во однос на цифрите што се изнесуваат значењето на земјоделското производство дека тоа во последниве години изнесува во вредносен смисол само едвај околу 25% од вкупниот општествен производ на Македонија. Така што не може да се зборува дека е тоа половина од општествениот производ. Тоа е преувеличување. Тие се оквирите во кои што ова земјоделие се движи. Структурата поседовна на сите ви е позната, таа е одамна таква во однос на земјиштето 80:20 во корист на индивидуалниот сектор, а во сточарството е дури 90:10 во корист на индивидуалниот сектор, Сакам да го кажам своето мислење дека е среќа што сме имале ваков однос во поседовната структура што сме имале приватно земјоделство. Затоа на овие простори немало барем од 1945 година па наваму некој тежок вод и сме имале нешто

да јадеме. Добро е што сега имаме висок процент на индивидуално земјоделие не сме сведоци и не сме приморани да вршиме дебастација на општествениот сектор како што некои источно европски земји тоа го прават имаат и ќе имаат катастрофални реперкусии во производството. При ова би сакал да ви кажам да чисто без многу филозофирање чисто емпириски јасно е развиените земји, западните земји со развиено земјоделство кај нив нема државно земјоделство. Во Франција нема една државна храна, нема еден хектар државно лозје ниту во Италија освен на разни институти, сето е приватно, така да перспективата на развитокот на земјоделството и кај нас е во една тотална приватизација. Тотална приватизација, меѓутоа при ова мора да се оди многу внимателно бидејќи голем дел од вас знаат дека од дискусиите т.е. се виде има големо познавање од областа на земјоделството бидејќи е биолошки процес, производството не трпи нагли скоковити потези. Се е во земјоделието бара да се решава со дикат што викаат', полека затоа што непромислените потези можат да предизвикаат катастрофални реперкусии. Би сакал да кажам дека оваа Влада во овој состав воопшто не прави никаква разлика меѓу индивидуалниот и општествениот сектор и таквите примедби барем за оваа Влада и за ова Министерство не би бил склон да ги прифатам дури оваа Влада во овој состав има јасна тенденција повеќе својата дејност да ја ориентира кон индивидуалниот сектор. Впрочем тоа и го докажа со конкретни финансиски потези со плаќањето на разликата меѓу откупната и заштитната цена на сончогледот, го знаете тој проблем, сте го слушале, Владата достои до зборот заштитната цена за сончогледот која што била од претходниот состав на Владата прокламирана, одлучи да ја плати без обѕир што откупната организација не ја исплаќа и при тоа прв© исплата изврши на индивидуалниот сектор, а не на општествен. Она што ние во разни

статистички податоци сеуште презентираме толку стока во општествениот сектор, толку во индивидуалниот сектор, сигурно набрзо и тоа би се променило.

Би дал одреден коментар за вкупните состојби во аграрот во годинава која штотуку помина, имено во 1992 година. Пред се свесни сме, поготово есента 1992 година какви блокади доживеа државата Македонија, бевме затворени и од север и од југ и ова има јасни реперкусии врз земјоделството. Беше и во дискусијата истакнато дека има огромна деконјуктура во градинарството пред се луѓето од Струмица, од Богданци господата пратеници ја истакнаа таа проблематика и тоа е точно, во голема деконјуктура е градинарското производство, ги изгуби пазарите во СФРЈ, во бившите републики на СФРЈ ги изгуби тие пазари. Не може сега да се товари камионот и да се оди и да се продаваат домати во Србија и во Босна. Тоа веќе го нема. Тоа е многу лошо за ова производство. Изгуби конјуктура овоштарството. Ние во моментот имаме преку 30 илјади тона јаболка во Ресен не продадени и не знаеме како да го решиме тој проблем. Изгуби конјуктура и лозарството и винарството, бидејќи голем дел од нашето вино досега се пласираше во Србија, во Хрватска во Словенија итн. Остана само словенечкиот пазар, а тие заради цените 32 фенинга по литар вино во рефус прогласија дека се тоа дампиншки цени и некаде во декември нивната Влада донесе одлука за анти дампишки царини. Исто така деконјуктура постои во производството на ориз. Не би сакал овој проблем посебно да го коментирам, меѓутоа бидејќи беше и како точка од дневниот ред оризот дојде во една ситуација од висока протекција, од висока заштитеност во Југославија и било добро што тогаш власта, или било кој се изборил за таков третман на оризот, сега се најде на едно локално македонско тршиште и целиот друг пласман да се третира како

извоз а цените на пазарот светски и европски се, многу испод ова што ние бевме навикнати овде да го имаме. Значи прашање е на деконјуктура. Исто така, и тутунот иако оди како ферментиран тутун, како полуфабрикат е извозно ориентиран, но имајте во предвид дека ние имаме три огромни фабрики за цигари. Ние бебињата да ги натераме да пушат цигари едвај 30% максимално пушачи да имаме во Македонија ќе ги исконсумираат можностите на производство на цигари во овие три фабрики. Значи мораме цигари да продаваме во Србија, во Хрватска како што тоа до пред една година без проблеми го продававме. Тоа е голем проблем, затоа што не е добро само тутун да извезуваш, добро е цигари да извезуваш е уште подобро, а тој бизнис на цигари на вина е многу тежок бизнис во таа меѓународна трговија. Покрај овие деконјуктурни трендови предизвикани од блокадите имавме страшен проблем поготово во есента со нафтата и сакам да кажам дека Владата даде висок приоритет при снабдувањето на земјоделството со нафтата веднаш после здравствените установи и хуманитарните организации во приоритетот дојде земјоделството и горе доле ние ги завршивме со мака, со гњаважа на некои луѓе познато ми е , одев конкретно колку што успевав на терен и моите луѓе од министерството беа ангажирани, меѓутоа се успеа да се извршат сезонските работи и 93% ние имавме успех во есен- ската сеидба. Есенската сеидба ја извршивме со успех од 93% што во вакви услови е многу добар успех. Според тоа, и во дискусијата посебно господинот Митко Анастасовски истакна една од важните битки е да се отворат нови пазари. И Владата во тој смисло ќе се ангажира, меѓутоа морам овде јасно и гласно да кажам, Владата не е експортна фирма, ниту и е тоа задача да биде експортна фирма, ниту знае тоа да биде, ниту има кадровска опременост за тоа. Значи Владата не може

да биде извозник на земјоделски производи или на било кој други производи. Треба да се создадат политички економски и други амбиентални предуслови за присутност на нашите фирми и политичко отворање на другите пазари.

Точката 72 од педесет и третата седница на Собранието беше пред се замислена како осврт врз проблемите на откупот на главните земјоделски производи поготово есента 1992 година се создадоа и немири и проблеми за што сакам овде да кажам неколку збора. Кога се зборува за откупот ќе се потрудам наједноставно и од теоретски аспект да ви го објаснам овој проблем. При откупот три прашања се основни. Прво, кој откупува? Второ, со кои пари откупува? Трето, за кои пари, односно по кои цени. Тоа се три клучни елементи. Во западниот свет се знае кој откупува, приватни откупни фирми без дискусија, има сопственици инокосни, или акционерски, не е битно, тој купува, има регистрација и е откупна организација итн. Така и кај нас државата ќе ви кажам после се појавува како откупувач само во одредени случаи. И во западниот свет се јавува при играњето на таканаречени заштитни, или гарантирани цени кои што и западниот свет ги има. Според тоа, ние имаме откупни организации, имаме житарски организации, имаме во градинарството ама слаби, мали задруги итн., имаме во овоштарството едно време имаше конзорциум за јаболка, имаме во лозарството и во винарството итн. Меѓутоа , се поставува прашање со кои пари? Јас во овој момент западниот свет со кои пари откупува точно незнам да кажам. Викав агро - кономисти кај мене им дадов задача и нудев да потпишеме договор побрзо да ми одговорат, а тие велат дека треба да патуваат, да видат, да студираат. Јас им реков ако можат брзо да одговорат, ако не несакам. Меѓутоа, сигурно откупуваат или со свои пари или со кредити од каде ќе најдат и по пазарни услови на банката. Кај нас не е така. Во СФРЈ откупот се вршеше со пари, примарни пари, нови

пари, ново печатени пари кои што емисионите централни банки, централната емисиона банка на СФРЈ ги даваше за оваа намена откуп на земјоделски производи, при тоа се оперираше со разни термини кои што внесуваат забуни те реесконтен дел, те есконтна стапка итн. Есконтната стапка заправо таа каматата на овие примарни пари која што по правило во СФРЈ беше многу ниска , најмалку дупло пониска од каматите на деловните банки. Во светот според некои економисти што ми кажувале каматите, значи таа есконтна стапка на примарните пари е задолжително повисока од каматите на деловните банки. Така велат економистите за да ги обесхрабрат луѓето да земаат кредити од примарните пари и да се обесхрабри печатењето на примарните пари. Во услови на СФРЈ кога таа банка беше во СФРЈ сечија и ничија беше умно да се прилепиме кон тие извори , иако тоа е генератор на инфлација, меѓутоа во дадениот момент преливањето на парите по основ што знам на тутун, или на ориз во Македонија значеше еден релативен ќар. Во овој момент креацијата на кредитно - монетарната политика е пред се предоминатна обврска на Народната банка на Македонија и таа вели дека тие проекции не одат на одобрување на Владата, тоа треба да биде јасно. Евентуално Владата дава мислење, заправо не евентуално,дава мислење кое што Народната банка ниту мора да го респектира, а ова Собрание е тоа што ја одобрува кредитно - монетарната политика.

VIII/1 РД/ПН

**ЕФТИМ АНЧЕВ**: (Продолжение)

Дали има емисија на нови пари? Тоа е прашаше за кое што ова Собрание иманентно одлучува. Што се однесува за кои пари, по кои цени се откупуваат, сакам да кажам дека овде играат таканаречени заштитни или гарантирани цени. И најлибералните капиталистички економии овој инструментариум во областа на земјоделството го практицираат, бидејќи природата и на производството, а и природата на самите производи е таква да не може се да се остави на најстрого дејствување на пазарните законитости. Така да и Америка во периодот на Реган и Британија во периодот на Тачер имаше заштитни, односно гарантирани цени во областа на земјоделството. Што се тоа заштитни цени да сме на јасно. Тоа се цени што ги пропишува државата и со кои гарантира откуп на целите количини на дадениот производ по цена што таа ја утврдува. Нема тука пазар. 30 илјади тони ориз, ако има заштитна цена, државата мора со пари од буџет. Од тоа нема дискусија. При ова сакам да ви кажам дека во 1992 година Македонија имала на листа 12 земјоделски производи во овој режим на заштитни цени. Тоа е огромен товар за и онака финансиски исцрпената држава и не е во функција, бидејќи за тие декларации на заштитни цени не секојпат се стои со пари. Заштитните цени имаат само функција ако дојде до нивно проигрување да се интервенира со готови пари и да се откупи производството, било од стоковни резерви било на друг начин. Откупните цени се друга категорија. Откупните цени е најдобро секој пат тие да играат, а не заштитните. Откупните цени се категорија кој што во моментот на откупот се договараат меѓу производителите и откупните организации, се разбира меѓу нив треба да има одредена коректност. Господинот пратеник

од Кавадарци не го гледам тука, бараше коментар дали Владата има ингеренции при откупните цени. Потенцираше дека Владата изјавува дека нема ингеренции и бараше да се произнесам на некои друг начин. Нема ингеренции на откупните цени. Не може Владата на Тиквеш да му каже откупните цени на грозјето ќе бидат толку. Јас не можам никако да му кажам дај му 20 денари на човекот што седи до тебе. Тоа е пазарен однос. Владата има ингеренции за производите за кои што има гарантирани откупни цени, но тогаш со свои пари мора да скокне, од буџетот да ги има тие пари, како што спомнавме со сончогледот, кои што се уште за жал не сме го комплетно доисплатиле. За намерите на политиката во 1993 година ќе зборувам понатаму, меѓутоа, од прилика да кажам дека е непримерно во една вака бедна земја да има толку голема листа на производи со заштитни односно гарантирани цени, бидејќи навистина не може да опстане финансиски. Сме во намера оваа листа да се стесни, само на најважни производи од областа на аграрот.

Би сакал д кажам неколку збора за поттикнување на развојот на земјоделството, што впрочем овде беше и најмногу дискутирано и нешто и за регионалниот развој во Македонија што беше не малку елаборирано овде.

Прво, што се однесува со поттикнување на развојот на земјоделството е регулирано со закон кој овој Парламент на 15 април го донел 1992 година и во кој закон се регулирани премиите, регресите, субвенциите и други мерки за економското поттикнување на земјоделството. Мислам дека тој закон е релативно добар и дека дава одредена шанса и врши одредени поттикнувачки агенси. Меѓутоа, проблемот е што поради финансиската исцрпеност, премиите не се доисплатени, тоа никој не го крие. Регресите не се доисплатени. Тоа е

кажано и во заклучоците од Комисијата и тука нема дискусија. Тие мора да се исплатат. Тоа е регулирано со закон и со тековна одлука во 1992 година. Покрај овој дел што се однесува на премии, регреси, субвенции итн. со законот за поттикнување постои обврска државата Македонија секоја година да донесува програми за поттикнување на развојот на земјоделството и таа програма за 1992 година е реализирана. Во информацијата има стар податок, е реализиран со 100%, да не ги читам овде бројките и тоа на сума со ребалансот на 600 милиона денари. Значи, 600 милиона денари се тотално искористени, при што таму има 5 позиции на пример сточарство, за изградба на хидро-системи, мали акумулации, вештачки ливади, индивидуално земјоделство итн. Се разбира, дека и те како е пожелно во оваа програма за поттикнување да биде побогата и алиментирана со многу повеќе пари. Посебно сметам дека поттикнувањето треба повеќе да се ориентира кон развојот на сточарството. Сточарството од една страна има капацитети нашиот пазар да прими сточарски производи, ние имаме огромни дефицити, сакам да кажам 10 иљади тони годишно говедско месо, јунешно месо увезуваме, значи има простор на овој пазар додатно ние да продадеме. И најмалку 60-70 тона има млеко недостаток на овој пазар. 60 тона дневно млеко има каде да го продадеш. Месо има каде да продадеш. 6 иљади тона свинско месо има дефицит, увезуваме и некаде околу 8 до 10 иљади тона пилешко месо. Имајќи ги предвид површините на пасиштата што се вкупно 50% од сите земјоделски површини има начин во сточарството да оди поголемо инвестирање и поголеми поттикнувачки мерки.

Јас би сакал уште нешто да кажам. Ние мораме да ја менуваме филозофијата на нашиот аграр. Во контекст на менување на целокупната

филозофија на нашиот општествен развиток. Пред се, мислам дека мораме да се ориентираме кон приватно земјоделство, фармерски начин на производство и второ, ние мораме земјоделството од производен концепт да го ориентираме на маркетиншки концепт. Нас во светот никој не не прашува, ниту некој го интересира што ние можеме да произведеме, туку светот го интересира што можеме да им продадеме. Битно е што можеме да продадеме. Според тоа, мораме да се ориентираме на производи кои што можеме пред се кај да ги продадеме и второ, на производи кои што можеме да ги продаваме на надворешните пазари.

Мерките кои што се презентирани во вид на заклучоци на Комисијата собраниска за земјоделство и шумарство беше доста дискутирано дека на Македонија и недостасува долгорочна стратегија за развој. Тоа е точно. Тоа е согледано уште од Владата во минатиот состав и можам да ви кажам дека Владата во минатиот состав тогашниот министер за земјоделство, потпишал веќе договор со економскиот институт во Скопје за изработка на студија за долгорочна стратегија за развој на аграрот до 2010 година. Таа студија економскиот институт треба да ја презентира на нашето министерство до есен 1993 година и на база на тоа ќе се филтрира преку Владата и ќе се презентира овде за долгорочниот развој во земјоделството. Самите заклучоци на комисијата се предмет по кој што Владата во овој момент ниту јас не би можел да се изјаснувам, тие се ако бидат прифатени такви какви што се, или видоизменети, се заклучоци на ова Собрание, тие во секој случај Владата ќе ги има предвид при креирањето на нејзиното видување на макроекономската политика за 199 3 година, кое што се разбира и ќе биде презентирана пред ова Собрание. Според тоа, макроекономската политика како најсуштинска ориентација, за целокупниот

стопански развој во 1993 година, а и за земјоделството, ова Собрание ќе ја усвои или не, примарната емисија е во компетенции на ова Собрание и се на се би кажал дека економската политика, намерите на економската политика на Владата во земјоделието ќе бидат многу бргу познато преку соодветна креација, преку соодветна презентација на макроекономската политика пред Парламентов а и преку одредено изјаснување со соодветни одлуки, на пример со одлуките за заштитни цени, полупроизводи, по кои цени итн.

Сега ако ми дозволите чувствувам дека сум малку предолг, меѓутоа морам и конкретно на некои дискусии кои што беа овде изнесени, во вид на најкусо можен начин да одговорам, на поедини пратеници кои што директно поставија прашање, јас сите ги запишував и ќе се потрудам во еден многу интервал на сите да одговорам.

Во денешната расправа на пример беше истакнато прашање за обавезата за рекултивација на рудните копови. Тоа е многу интересно прашање. Тие места имаат технолошка подлога за нивна рекултивација. Во Пелагонија во РЕК тоа е право, вршено е тоа испитуваше. И на овие копови се разбира може тоа да се прави. Беше покренато прашањето за стручните служби, за нивната можеби и бирократска поставеност, дел од тоа може да се прифати меѓутоа, морам да ви кажам дека овие не беа служби на ова Министерство. Сега ги презема ова Министерство и сме на потез да преземеме од- редени посолидни акции за нивното поголемо доближување од апликативната дејност и тие да бидат еден вид модерни експерт сервиси. Институтите исто така беа нотирани во земјоделството. За среќа имаме институти и не би требало да би декорираме тие луѓе. Тие луѓе живеат во исклучително тешка финансиска состојба и таа трошка што ја

земаат од буџетот ако им ја укинеме, тие се малку сега, би умреле тие институти. А сепак мислам дека одредени резултати.

Прашањето за агро-берза од неколку пратеници беше поставувано, тоа е предмет кој што посебно треба да се елаборира, ви велам не сакам да го злоупотребам вашето трпение, меѓутоа, со агроберзата работите неколку месеци стојат. Затоа што кон ова прашање е пристапено кон мислам недоволно соодветен начин, се сакало да се направи веднаш огромна берза во западно европски тип, мислам дека мора поскромно да се почне и повнимателно. На таа берза не се оди одеднаш да се опреми комплетно берзански, туку пред се да почне како претпријатие да се бави со берзијански работи да се учи на берзански бизнис, а со тоа и да се трансформира во вистинска берза. За среќа не се потрошени ни динар за овие пари кои што се споменувани освен што уште минатата Влада дала одредени студии во одредени институции. Меѓутоа, сезоната доаѓа и на градинарството, која што е посебно чувствително кон овој проблем на берзанско работење и мора бргу да реагираме, така што сугестиите побрзо да се реагира кон агро-берзата и те како држат.

Вчера беше прашано дали Владата презема активности за информирање на производителите на градинарски производи што да произведуваат. Ова е тешко да се одговори. Врзано е со пласманот Кој може да гарантира пласман во Србија на овој начин каков што го имавме. Товари го камиончето, продавај пипер - патлиџан. Не може да се гарантира. Како ќе оди таа продажба оваа година не се знае, меѓутоа, Владата сега да излезе со проглас откажете се од градинарско производство и садете само жито, тоа не е добро. Тоа воопшто не е добро. Ние Струмица да ја претвориме во житарски реон, а не во градинарски, тоа не е добро, ќе

имаме помал производ од единица површина. Прашан>ето иако претходно го елаборирав беше и вчера посебно поставено, што со откупот на сончоглед, на ориз, тутун, јаболка и грозје, најголем дел се откупени производите, тутунот е откупен, има податок 77,7% од произведениот тутун е откупен и платен. Грозјето е откупено по ниски цени, има незадоволство. Сончогледот е откупен, така да сепак откупот и покрај огромните тешкотии се одвиваше и работите легнаа и дојдоа на свое место. Се на се би сакал да кажам дека областа на земјоделството е една тешка област и дека во оваа област не може да се поднесуваат нагли исхитрени потреби, треба време, сигурно е дека согледувани се проблемите и многу години наназад, останувано е често само на декларации. Меѓутоа, верувајте во 1992 година немаше шанса за претерано капитални промени во оваа област. Да сме среќни ако оваа 1993 година имаме барем мали чекорења напред, а пред се во подобрување на стандардот и доходот на индивидуалните производители.

IX/1 сп/см

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано Претседателство, ќе бидам краток само ќе се надоврзам со неколку реченици на излагањето од министерот. Ми падна во очи една работа што сите се вртиме околу решавањето, а никако да речеме - ајде да почнеме да решаваме и сите бегаме од вистината и само ја префрлуваме од еден на друг како во овие 45 години до сега ја префрламе, а сметам дека истата пракса почнува и тука да ја префрлуваме, нема ова нема она. Се има само треба да имаме во главата.

Велиме немање на услови. Сметам дека поидеални услови од нашето поднебје во Македонија и од нашата земја ретко која држава има поубава. Ако земеме да споредиме со Холандија со Македонија со површина по член на жител далеку сме подобри. Холандија краде од морето земја да создаде обработлива површина и да произведе, а ние ги иселивме селата од Грчка граница, од Живојно, оставивме огромни необработливи полиња и велиме немаме земја. Земја имаме многу само тука треба да имаме (Покажува на главата).

Ние го уништивме земјоделието. Кога говоревме за Франција, зошто се споредуваме со Франција. Ако сакаме да се споредуваме со нив, тогаш нашите функционери ќе живеат како Де Гол, претседателот на Француската Република што живееше на село, а ние сите избегавме и кадри и некадри и сега велиме немаме производи. Па нема да имаме производи и тие што

треба да произведуваат дојдоа тука да купуваат пиперки, домати, зелка и се друго што треба.

Признавам дека во текот на 1991 година доста се направи за земјоделието. Но, кога велам дека не одиме да ги извршиме донесените законски прописи и заклучоците кои ги правевме до сега и само го лажеме народот дека го изедначивме со општествениот сектор. Зошто ги лажеме, тоа треба да го сториме.

Велиме дека е исплатен регресот. Кој регрес е исплатен? Само ги залажуваме со едно семе и тоа 10 до 15% и на вештачкото ѓубриво, но дали знаете каква малверзација се прави? Ќе го донесат регресот и веднаш ќе стават покачуваше на цената и ќе речат еве ви регрес, но регрес не се дава, туку уште повеќе се покачува производот и им испаѓа многу поскапо. Овде само ја избегнуваме вистината да ја кажеме и не сакаме да кажеме дека го крадеме овој народ.

Велиме кредитираше. Јас знам дека е сиромашна оваа земја и дека немаме, но од одобрените средства на кој индивидуалец дадовме? Колку пати барав да се кажат тие фондови? Зошто 50% се искористени, каде се уште тие 50 што не се дојдени. Ние сакаме само да го залажуваме народот и само велиме ќе направиме, ќе направиме, но кога ќе направиме. Народот не сака приказни, туку да ги знаеме фондовите, а поднесените барања од индивидуалните производители што имаат свои програми за унапредување на сточарството и земјоделието да им дадеме толку колку што има и народот ќе види дека овој Парламент, оваа Влада мисли за овој народ, толку има можности, толку стори. Се случи средствата од фондот да се даваат на Рудник кој нема врска со земјоделие и сточарство и нема врска со тие краишта. Тука е грешката. Никој не вели дека има можност, а не сака

некој да го создаде. Рековме дека ќе имаат исти права со печатењето на пари т.е. примарната емисија, за мене е таква дефиниција за едните печати пари и за едните печатење на пари, а за другите не е. Еве како. Тој што користи ќе има пари и не е инфлација печатењето, а на оној што не му даваме да користи тој ќе го сноси делот на инфлацијата со печатењето на пари. Зошто лажеме?

Велиме исплатен е регрес. Срамота е да кажеме дека само еднаш им дадовме по 500 - 600 литри нафта, а потоа не само што не им дадовме регрес туку ги оставивме на милост и немилост да се снабдуваат сами, а општествениот сектор стално беше снабден со нафта. Јас не им завидувам што имаа нека имаат, затоа што поголем дел од населението живее од тој сектор, но не требаше приватниците да ги издвојуваме сами да се снаоѓаат, туку требаше да има и за нив.

Велиме дека ќе донесеме закон за земјоделието и за црната берза, кога, каде?

Овде се зборува за откуп, јас разбирам дека во светот никаде нема државен откуп, туку приватен и државите го гарантираат откупот на стратегиските производи, а ги откупуваат приватници. Ние тоа не го правиме, туку само определуваме ниски откупни цени и го стимулираме трговецот, а на производителот му ставаме ниски цени и не го оставаме да продава на слободен пазар. Велиме дека ќе донесеме закон за царина, ги штитиме оние производи кои не ги произведуваме кај нас, туку ги штитиме оние од Србија, тука земјоделецот има голема загуба. Ќе го натераме народот да купува скапи производи од надвор, а на нашиот народ држиме откуп со многу ниски цени. Или треба да работиме со слободен пазар, а ние ова го држиме вака, а ги штитиме производите на другите држави.

IX/4

Јас сум за тоа да се води сметка ако одиме на пазарно стопанисување, јас се согласувам со тоа, меѓутоа, пазарот да биде за сите земјоделски производители за сите потреби на земјоделецот тој да може да ги набавува, а не едни да можат а едни да не можат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас телеграфски ќе бидам краток и покрај сета стручност на министерот и мојата личност не сум стручњак од таа област, па дозволете во некои работи да не се согласам и токму заради јавноста во интерес на вистината би сакал да кажам само неколку збора.

Се согласувам дека не сме аграрна земја, но во услови на крајна сиромаштија упатени сме на аграрот, бидејќи во моментот водиме битка за преживуваше, а во тие услови основен е лебот и јас би го цитирал Клаудие што рекол "во крајна сиромаштија леб и игри на народот му се потребни" така што не станува збор за идеална земја за аграрно производство туку предност во одредени култури што имаме пред другите. Тоа беше искажано во дискусиите.

Второ, за условите сме самите виновни заради сезонскиот проток на водите што ги имаме, 6 месеци имаме изобилие од вода а 3 месеци ни треба вода што ја нема. Тука направивме превид во изминатиот период на развој на оваа држава што беше Република на поранешна Југославија така што градевме некои капацитети кои всушност немаа врска со развојот, а го запоставивме она што ни беше основното.

Трето, иселувањето на селото кое беше спомнато, беше повеќе политички акт затоа што селото кобајаги ќе не станеше во одреден период , така ни проповедаше политиката, ќе имаме фармерско производство не беше и сеуште не мислам дека е чисто егзистенционално прашање на луѓето, туку мислам дека сеуште политиката има многу удел во тоа.

Четврто, во моментот не се работи за 3,5 декари по жител што имаме обработлива површина, туку тоа што ни е екстензивно производството односно малата продуктивност што ја имаме на таа мала површина. За тоа мислам дека е најмалку виновен производителот, а не се создадени услови за таа работа.

Вчера не се спомна, а сакам да го спомнам денеска за рибарството, порибувањето и еколошката здрава храна. Ние попусто фрламе пари, не создаваме претходно услови да се произведе таква здрава храна, еве пример го наведувам порибувањето, ние даваме пари да се порибува, а потоа се трујат рибите.

Тоа што го кажа министерот дали планско или не, мислам дека истражувањето на пазарот е задача на Владата и планирањето во земјоделието и мислам дека без планирање тешко ќе се снајдат производителите на храна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара господинот Паунов.

IX/6

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас го изразувам своето задоволство што по моја иницијатива еве два дена расправаме за земјоделието. На сите оние кои учествуваа во дискусијата и кои предлагаа и даваа конструктивни и умни предлози за излегување на некој начин од оваа тешка состојба поготово во земјоделието што сметам дека требаше Владата да предложи конкретни мерки кои ќе бидат вградени во економската политика за 1993 година на кој начин побрзо да се разрешат постојните проблеми натрупани со години. Но, многу малку прјиде кон заклучоци на кој начин и како да обезбедиме репроматеријали, вештачките ѓубрива и заштитните средства со капацитети од Република Македонија. Како и на кој начин да ги продадеме вишоците на стран пазар, имајќи го предвид квалитетот и вишоците кои ќе останат како и на кој начин да се преработат и да се обезбедат за подолг период. Не падна збор за таквите капацитети кои треба да влезат во заклучоците.

И вчера во мојата дискусија реков дека нема напредок ако не донесеме програми односно план за развој на земјоделието. Се кажа дека се работи на економската анализа, експертиза за земјоделието, меѓутоа, кои се роковите , кога ќе стигне таа програма да се внесе во планот. Ние, сакале или не нашата земја е аграрна земја и ние мораме на прв план да ни биде земјоделието. Ако погледнеме колку работници живеат од земјоделието и колку се хранат сигурно 50% од граѓаните живеат од земјоделието и ние мораме сите мерки на време да ги донесеме како би се разрешиле проблемите.

Еве ја почнавме 1993 година, меѓутоа, со ништо не гарантираме на земјоделецот ниту со семиња ниту со заштитни средства, ѓубрива, ниту со пласман на производството. Производителот не е сигурен за своето производство.

Исто така, од министерот и од другите дискутанти не падна збор за организациите од водостопанството. И вчера реков дека некои организации ги имаат наплатено приходите само 12% пред- видени во 1992 година. Како фактор за производство е и водата и тоа еден од битните фактори за зголемување на производството, рентабилноста, продуктивноста. Меѓутоа, акумулациите, инсталациите за пренесување на водата се распаѓаат, а организациите немаат средства да ги обезбедат за 1993 година и во оваа година сигурно ќе се најдеме во полоша состојба ако не преземеме адекватни мерки на самиот почеток од годината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Имаме Предлог на заклучок со дополнување, што Ви е доставено тие се содржани во извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и тоа Ви е поделено.

Во расправата беа дадени разни оценки за заклучоците. Беа давани и разни предлози што да се заклучи. Бидејќи тоа во распра- вата не може да се следи така, тоа е доста измешано, како што знаете, пред крајот на паузата замолив секој кој има предлог што да се заклучи, како да се дополнат заклучоците или да се изменат да даде писмен предлог. Добивме два предлога и тоа од господинот Ајдерага и од господинот Цветковски.

Морам да ви кажам дека кај господинот Ајдерага има две врски предлози. Едните се однесуваат на заклучоците, а другите се предлог за проекција на макроекономската политика за 1993 година.

Прво, да се разбереме за карактерот на овие заклучоци. Сите овие заклучоци мислиме да ги упатиме до Владата, а Владата да биде должна нешто да работи. Владата не е должна да работи по нашите заклучоци. Владата има свои изворни надлежности по Уставот и таа работи по законите. Ако сакаме нешто Владата да спроведе треба да донесеме закон или некој акт со законска сила. Заклучоците се политика. Ако сака да ги усвои нека ги усвои, ако сака да не ги усвои, нема да ги усвои. Затоа ве молам ако можете да прифатите да не гласаме за заклучоците, туку заклучоците што се предложени од Комисијата и овие кои ги напишаа луѓето, инаку многу е тешко да фатиме врска со овие заклучоци и оние од Комисијата. Треба амандмани, треба вака треба така и незнам која ќе биде целта пак е исто. Туку, еве овие два предлога кои се дадени од господинот Ајдерага и господинот Цветковски и од Комисијата да ги упатиме на Владата да ги има предвид кога ќе презема мерки и кога ќе предлага законски решенија. Притоа, ако се согласувате, и стенограмот од оваа расправа да им го дадеме за стручна анализа и за користење во евентуално свои чекори.

Дали се согласувате така? (Гласови на одобрување).

**СТОЈАН АНДОВ: (**продолжение)

Минуваме на **<u>точката 73</u>** - <u>Извештаи на Повремената комисија за испитување на настаните во село Куклиш во Радовиш и во Скопје.</u>

Извештаите и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Работата е во тоа што не се присутни ниту министерот за внатрешни работи, ниту претседателот на Повремената комисија. Во тоа е суштината. Би предложил точката да се одложи, односно да се почне со следната точка на дневен ред. И господинот Петров сигурно претседателот знае дали се извинил дека нема да дојде на денешната седница, а министерот за внатрешни работи може да се повика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веднаш да се повика министерот за внатрешни работи. Инаку за раководителот на Комисијата јас незнам дека е отсутен. Тој не е пријавен за отсутен. А друго овде се присутни сите членови на Комисијата. Само претседателот не е присутен. Така што нема никаков проблем околу тоа. Ако членовите на Комисијата навистина мислат дека мора да се чека раководителот, претседателот на комисијата, тоа е друга работа и треба да ни соопштат. Бидејќи не е така тогаш кој бара збор?

Господинот Алил Џаферовски има процедурална забелешка.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Како што ви е познато оваа парламентарна група покрај Радовиш - Куклиш, Скопје беше задолжена и за настаните во Дебар. Парламентарната група беше во Дебар и покрај тоа што инсистиравме на неколку пати да се направи и тој извештај и по тој повод да се изјасни парламентарната група, за жал раководителот на парламентарната група од кои причини не ми е познато не не повика повторно и покрај тоа што бевме договорени и таа работа не ја завршивме. Практично не е во целост завршена работата на парламентарната група. И уште еднаш се потврдува како исправно она што го покренавме како иницијатива за сменување на раководителот на парламентарната група заради довршување на оваа работа. И натаму изгледа се служеле со одредени манипулации. На Петров нема што да му кажам, ова е Собрание и ова Собрание ја избра парламентарната група и сме одговорни пред Собранието, а не пред поединци. Незнам дали е исправно сега да расправаме за овие три настани, а потоа нова расправа за Дебар. Јас само ова како проблем сакам да го истакнам, а Собранието е тоа кое треба да одлучи дали е ова во ред, или не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега имаме точка на дневен ред што ја утврдивме кога расправавме за дневниот ред. Тогаш Комисијата знаеше дека не ја довршила работата и дел од извештајот не е поднесен што останува како обврска на Комисијата да го поднесе. Доколку Комисијата се утврди во расправата, или во Комисијата вие утврдите дека тоа не- може заради претседателот во расправа по тоа таму тогаш нека се одлучува за претседателот, а сега ние ја имаме оваа точка, ги имаме овие извештаи и треба да расправаме за ова. Јас незнам што мисли Собранието.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, иницијативата што ја покренавме тројца членови за измена на претседателот на оваа Повремена комисија, анкетна е доказ дека тоа што пред малку рече и господинот Џаферовски. Јас незнам што треба на ова Собрание да сториме и да укажеме дека раководителот не ја извршува работата како што треба. Помина една година откако сме се наименувале како Комисија а сме ги завршиле само три случаи. Останува уште за Дебар. Значи уште една година ќе си помине, па дури тогаш ќе дојде на ред случајот во Дебар. Јас се согласувам дека извештаите ни се пред нас за овие три случаи, меѓутоа бојазноста е во тоа дека што понатаму со претседателот и со извештајот за Дебар. Тука е проблемот и навистина треба да се договориме како што треба за да излеземе од овој ќор-сокак, бидејќи не можам да сфатам дека, а и вие треба нас да не земете на одговорност. Како е можно една година ние оваа работа да не ја свршиме. Јас и минатиот пат реков, а и сега повторувам дека нешто не е во ред со нашата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние на 51-та седница имаме и таква точка. Таа привремено ја задржавме, не ја завршивме бидејќи меѓу комисијата се јави разлика. Едни предлагаа да се симне точката од дневен ред, а други предлагаа да остане и рековме членовите на Комисијата да се усогласат. И тоа останува. Кога ќе одиме на 51-та седница ако се согласиле да се симне точката, ќе се симне, ако се согласиле да остане ќе расправаме за таа иницијатива ваша. Меѓутоа, денес ние имаме дел од работата е содржан во овој извештај. И да расправаме по извештајот.

X/4

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека има место за расправа по овие извештаи од причини што секој извештај за себе е посебен. Посебен е во Куклиш, посебен е за Радовиш, посебен е за Дебар, посебен е за Скопје. Овде имаме три извештаи секој посебен, дури имаме и заклучоци посебни. Така што ние можеме да расправаме, а на идната седница откако ќе биде другиот, односно четвртиот извештај за Дебар готов и тогаш ќе расправаме откако сигурно ние како членови на Комисија би се состанале и би го разгледале. Така што мислам дека нема место за одлагање на една ваква точка, а ние членовите на Комисијата да бидеме критикувани заради тоа што не ви поднесуваме на Собранието соодветен извештај кога овој извештај во една ваква содржина е присутен барем во процедура повеќе од три месеци. И предлагам да расправаме по оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес.

Молам кој бара збор по извештаите, бидејќи извештаите се поделени секој ќе каже по кој извештај зборува кога ќе дојде овде.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека не случајно се предлага да дискутираме за два настана, додека третиот настан дебарскиот да го оставиме на страна, не случајно затоа што јас гледам една извесна опструкција и од страна на Владата, па можеби и од страна на претседателството на Собранието. Ние сме пратиле уште пред два ипол месеци официјално барање да се дискутира и за настаните во Дебар и заклучивме тука во Собранието дека тие настани ќе бидат предмет на 54-та седница. Меѓутоа, изгледа дека и Владата е поспремна да прифати на

дневен ред некои терцијални работи и прашања, а тие што се од суштествен карактер ги одбива за расправа, или работата некаде заради лично самоволие во овој случај лична неработа и незалагање на претседателот на комисијата тие настани малку да се стават под сенка. Или тука болката за евентуалните неправилности, или пречекорувањата на полицијата се поголеми кога се работи за одредени градови, или тука има некои извесни пореметувања во овој однос. Затоа предлагам и настаните во Дебар да бидат во склоп на настаните во Куклиш, Радовиш или незнам каде. Овој ми е предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме, ние можеме да расправаме денес само за извештаите кои ни се дадени и поделени и пратениците ги имаат кај себе. Овој извештај јас колку што ги разбрав членовите на Комисијата не е напишан, па не е гледан од Комисијата, па не е усвоен од Комисијата за Дебар и не е упатен до мене, па јас да го дистрибуирам овде на Собранието. Во тоа е работата сега.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

На одреден начин сакам да помогнам, во однос на тоа што ги имаме извештаите мислам и дека одлучивме и во дневен ред да расправаме по овие три случаи. Меѓутоа, четвртиот случај ова Собрание треба едно да донесе, или да се определи рок, односно не или, туку да се определи рок за случајот на Дебар пред ова Собрание да излезе. Кога е тој рок ние да утврдиме овде. Второ, ако во случај да и понатаму претседателот на Комисијата ја потегнува работата околу тој извештај, тогаш да предложиме друг претседател на Комисија кој што ќе го води и тој случај.

X/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таа точка е на 51-та седница. По тоа ќе се разбереме кога ќе се вратиме на 51-та седница.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

На оваа Комисија што ние овде во Собранието ја формиравме јас веќе воопшто не и верувам и дури можам да речам дека оваа Комисија веќе не е и легитимна. Оваа Комисија веќе нас овде ни докажува кој требало да биде претседател, која улога требало да се одигра, од која партија да е и го изгуби сето она што требаше да си ја заврши работата. Затоа јас го молам министерот, господинот Љубомир Фрчковски да ни даде една службена информација за вистината на овие случаи и официјалниот службен став на ресорното министерство. Она овде што ние е презентирано веќе од Комисијата верувајте веќе е толку излитено и нема никаква цел. Ако министерот успее да ни помогне овде со прав став од службата, тогаш ќе нема многу и расправи, ќе нема многу и дилеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние тогаш треба да ја разрешиме комисијата, па да се обратиме министерството да ни даде Информација, бидејќи нашата комисија не дава ништо.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници се јавувам во врска со предлогот на претходниот дискутант. Повремената комисија за разгледување на случаите во Куклиш, Радовиш, Скопје и Дебар е анкетна комисија и нема потреба од сомневање за извештајот што ви го има доставено Комисијата, бидејќи тоа не е композиција некоја, или мислење, туку е тоа концензуален текст на Комисијата по прашањето на анкетата која што Комисијата во полн состав ја има направено со сите учесници и со сите страни кои што биле на некој начин во допир со  случаите посредно, или непосредно учествувале.

Врз база на анкетите кои што се направени по сите случаи освен за Дебар не е готов текстот, Комисијата ви го предлага тој извештај., Извештајот не е ништо друго, туку анкетен текст кој што Комисијата на заедничката седница од 25 декември го договори и го прифати врз база на консултирање на секој поединечен член на своите анкетни белешки и на анкетен принцип на кој што работеше Комисијата во полн состав. Собранието треба по извештајот анкетен да се произнесе, Комисијата предлага одредени мерки, односно констатации за кои што смета дека треба да ги изнесе како констатации по анкетата и за кои што не преферира и не држи дека се единствено вистинските и правилните и не преферираме дека се тие баш тие констатации. Дури после таква расправа и после официјално соопштение на мислењето по евентуалните мерки, односно констатации кои што произлегуваат од анкетата, надлежното, односно ресорното министерство треба да даде службена оценка. Мислам дека таква треба да биде технологијата на расправата по случаите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме, Комисијата не е формирана како анкетна комисија и со мотивација и овластување на анкетна комисија. Таа е формирана како повремено, привремено работно тело, само тоа, а со кои методи сте се служеле вие во извештајот треба да ги опиштете и од таму треба да произлезе тоа. Во секој случај предлагам ние да минеме да расправа по извештаите.

Дали се согласувате? (се согласуваат)

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ако добро расправа, значи веќе почнуваме со претресот. Најпрво да го дадам моето мислење за овие забелешки од процедурален карактер што беа на почетокот. Апсолутно се сложувам и ги прифаќам сите критики што

беа изнесени на оваа говорница не само за немањето на оценката и извештајот за настаните во Дебар, туку воопшто и за целокупното задоцнување на овие извештаи, бидејќи факт е дека долгото влечење на самиот настан предизвика не само исчекување, туку и сето она што беше изнесено на самиот почеток. Прво недоверба од страна на пратениците, а исто така недоверба и од страна сигурно на граѓаните кои се најзаинтересирани, кои можеби учествувале на овие настани. И сигурно може да се постави прашањето на довербата на целокупната власт во Република Македонија која е должна на еден, или на друг начин да ги штити интересите на македонските граѓани а таму каде што имало такви екцесни ситуации како што е во случајот да излегува со конкретни ставови, со официјални ставови за што покусо време.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Фактот што целиот овој настан се влече повеќе од 8 месеци во македонската јавност, немаме до ден денес одговор, сигурно ги оправдува сите оние кои на почетокот изразија една критика, можеби и за самата работа на Комисијата, можеби и кон оневозможувањето н самата комисија д работи да дојде до вистински податоци, меѓутоа, ова без сомнение треба да ни биде поука за сите нас, не само ова што треба да уследи од извештајот, за настанатите од Дебар, туку било кога да се појават вакви настани проблемите треба да бидат изнесени пред македонските граѓани во еден нормален период, можеби од 1 месец, можеби од 2 месеци, а ваквите настани кои ни се случуваат сега, после настаните да разговараме после 8 месеци, сигурно не одговара и за нашата одговорност овде во Парламентот, а не и за самиот лик во Републиката.

Меѓутоа, независно од тоа што го нема едниот извештај, јас мислам дека не пречи кога веќе овие извештаи ќе стигнат овде да се продискутира за самите нив, затоа што сметам колку што има можност можеби на една заедничка линија, исто толку имаат и свои различни линии, во секој случај имаат своја специфика. Затоа јас при оваа точка ќе се задржам на 2 случаи, тоа е случајот од протесниот собир во с.Куклиш одржан на 23 март 1992 година и случајот на протесниот собир на индивидуалните земјоделски производи од Радовиш на 31.05.1992 година. Што е она што јас би можел да го кажам како пратеник. Без сомнение сите бевме сведоци во март 1992 година на 2 настани немили, кој ја потресоа на еден или друг начин целата македонска јавност. Најпрвин тие настани во јавноста долго се криеја, потоа

на некој начин направија една експлозија во јавноста и пред се, сметам дека кај сите оние кои што се демократски ориентирани во Републиката, повторно внесоа едно чувство на предизвик и едно чувство на нерасположение. Зошто чувство на нерасположение? Затоа што знаеме дека едни такви методи кои ги применуваше старата која ја нарекуваме директно комунистичка влада во бившиот состав, со оној познат случај на Вевчани, случај кој без сомнение во својата основа е многу сличен на овие настани кои ги разгледуваме денеска, повторно за случајот во Радовиш и случајот во Куклиш, неколку години ја потресуваше македонската јавност, неколку години се бараше одговорност за луѓето кои биле и кои учествувале во таа јавност и на крајот можеме да кажеме дека тој случај после голем број ан дискусии, голем број на перипетии го доби својот крај, со сигурно една поука за сите оние кои ја контролираат власта во РМ, кои ја контролираат моќта во РМ дека македонскиот народ, дека македонските граѓани се спремни да се спротивстават на сите брутални акции, на сите брутални репресии, таму каде сметаат за жал МВР немало право. Значи, штотуку заврши еден случај Вевчани кои сите ние го памтиме како историја и по своите методи. Во Македонија се случија многу такви настани, можеби од помал карактер, меѓутоа во својата основа и по своите методи апсолутно може да се зборува за ново Вевчани во РМ. Зошто го спомнуваме тој елемент? Го спомнуваме тој елемент затоа што она што се случуваше сметам дека на сите ни е јасно. По наредба на одредени врвови на МВР на Републиката, полициските сили на РМ интервенираа, најпрвин во Куклиш, а потоа и во Радовиш против два најавени собири на македонски граѓани и

тоа на начин навистина можат да ни по- завидат побајаги диктаторски земји од Јужна Америка.

Оправдувањата кои ги добивме преку средствата за јавно информирање, дека исто такви методи се применувани и во една демократска Америка, или во една демократска Германија, сметам дека се навистина наивни и смешни да може да се прави било каква компарација што она се случуваше во Македонија. За жал сметам дека во тоа време се работеше за една континуирана репресија која почна со доаѓањето на новиот министер за внатрешни работи на РМ во тоа време која сигурно најпрвин ја покажа сета своја сила при овој бунт, односно при оној протест на интелектуалците во РМ за весникот "Република" пред македонското Собрание каде имавме прилика да видиме повеќе полицајци вооружени, отколку интелектуалци што имаше, за да непосредно после тој термин се појави случајот Куклиш, кој сигурно самиот по себе претставуваше преседан, а уште повеќе претставува преседан, кога се знае дека само 10-тина дена после случајот Куклиш, кога македонската јавност реагираше на еден ваков случај, се појави и случајот Радовиш.

Овде во извештаите имаме детално известување што се случило, како се случило, кога се случило, во кое време се случило. Без сомнение тоа е факт, јас верувам дека овие податоци што се тука кажани во извештаите се точни, затоа што ако се утврдени тие од едната и другата страна, сигурно без сомнение се потпираат на некакви докази. Меѓутоа, јас сметам дека најмалку што треба ние денеска да го расправаме, дали податоците од типот некој во толку часот излегол или во толку часот некој се поместил од едно на друго место, тоа е неважно за оваа расправа. Она

што е важно за оваа расправа, тоа е дека имаме една непринципиелан интервенција на МВР спрема македонските граѓани во два дела, каде што тие граѓани и покрај тоа што имале оправдан револт на своите настани, биле спречени на еден брутален начин.

Јас сакам само при овие 2 случаи да ги земам политичките димензии и затоа не можам да ги прифатам објаснувањата од типот дека бил блокиран патот Струмица - Валандово или патот Струмица- Радовиш. Зошто не можам да ги прифатам тие објаснувања како мотив за интервенцијата на МВР. Од едноставна причина. Затоа што знаеме дека ние пред 2 години имавме случаи каде што француските земјоделски производители целиот Париз го блокираа со трактори, знаеме случаи каде што 2-3 години целата шпанско - француска граница беше блокирана од една страна од шпанските земјоделци, од друга страна на француските земјоделци, знаеме дека во соседна Грција нивните земјоделци секоја година по неколку пати прават исти такви штрајкови каде што се попречуваат магистрални патишта, меѓународни патишта и гледаме дека ако кон нас се антидемократски, соседните граѓани по се изгледа дека не ги применуваат истите тие мерки. Значи, се работи за едно објаснување кое овде сака да се даде, пред се сметам сосема наивно, дека бил запречен некој меѓународен пат, дотолку повеќе што се знае дека целата процедура на штрајковите и на едното и другото место било од самиот почеток легално и пријавено и регистрирано и она што се нарекува Устав на РМ, а за жал знаеме дека го пишуваше самиот министер за внатрешни работи на РМ.

Во таа смисла за мене ова објаснување е сосема наивно и неприфатливо апсолутно.

XI/5

Втората работа која сака да се прикаже со овие извештаи е тоа дали тој штрајк бил закажан на време, дали бил откажан на време преку тој независен синдикат на земјоделците, кога тој повикувал, дали некој повикувал, посебно специфично со случајот Куклиш, дали некој ги повикал земјоделците, дали не ги повикал и ако некој не ги повикал, сега тој е виновен што не ги повикал. Повторно едно наивно објаснување со кое треба да се занимаваме со периферни работи. Ако штрајкот бил закажан, земјоделците имале право и да го одложат.

Меѓутоа, она што е уште поважно како политичка димензија на настаните, а што е уште покарактеристичен на Јака - Радовиш е фактот што едно тесно партиско министерство ги брани теснопартиските интереси на одреден директор во Комбинатот "Јака" - Радовиш, така што случајот Радовиш не може да се разгледува и на друг начин освен, ставање на Министерството за внатрешни работи во одбрана на еден директор на едно државно претпријатие, на еден државен ионопол. од другата страна значи виза ви земјоделците, тутунарите, кои си ги бараат своите права.

Зошто го спомнувам тоа? Тоа го спомнувам чисто може да се рече и политички и идеолошки карактер. Пред некој ден во "Нова Македонија" излегуваше еден фељтон како 36 или 1937 година работниците, односно тутунарите во Велес правеле штрајкови против каспиталистите во тоа време и ние тоа го одбележуваме како еден од најголемите моментите на движењето на комунистичката партија во РМ меѓу двете светски војни. Зарем не е овој ист случај денеска. Имаме земјоделци од една страна, од друга страна имаме државен монопол, или полицијата која ја ставаме во

одбрана на заштитата на еден директор, што знаеме според своите однесувања треба да замине и едноставно да ја даде својата обврска спрема тие луѓе. Пред се тоа се должи на парите.

Последниот елемент на политичката димензија во овој случај е она што се нарекува директна репресија на независните земјоделски синдикати* во РМ. Зошто директна полициска репресија. Затоа што ние добро се сеќаваме во тоа време кога се случија овие настани беше почетокот на формирањето на првите независни земјоделски синдикати во РМ. Беше тоа момент кога земјоделците во РМ за прв пат почнаа да се организираат на синдикална основа и веќе во неколку градови во Републичката почнаа такви организации да се формираат. Независни синдикати за прв пат во Македонија вон контрола од државната власт, од државната политика или од одредените органи или министерства на таа иста државна власт. Тоа беше момент кога тие независни земјоделски синдикати, почнаа да организираат неколку штрајкови, еден од тие беше пред Собранието во Скопје и нормално овие два кои следуваа после оној поголем пред Собранието во Скопје. Што се случи? Се случи тоа формирање на независни земјоделски синдикати со едни брутални полициски методи на препресија да бидат сосечени во својот корен. Факт е дека после тие брутални удари од страна на МВР на независните земјоделски синдикати, активноста на независниот земјоделски синдикат практично е замрена, не само во тие градови, туку во целата РМ имаме навистина едноставно повторно враќање страв кај луѓето, на стравот на земјоделците дека можат да се организираат самостојно, дека можат самостојно да се борат за своите права и нормално ако се добро

организирани да ги добијат тие свои права. Заклучокот од оваа работа ние е видлива на сите нас.

Во таа смисла само сакам да ги набројам овие 4 елементи на политичката димензија на овие настани, на оваа брутална репресија од страна на МВР, чисто како факти, чисто како елементи, не сакам да се навраќам на методите кои биле употребувани во тие насилни спречувања на граѓаните, односно на земјоделците и во случајот со Куклиш и во случајот со Радовиш, затоа што сметам дека ако зборувам за начините и методите на репресиите кои биле применети во тој момент, навистина можеме многу што да зборуваме и за целокупниот лик на демократијата на РМ и за самиот однос на тоа МВР за што се надевам дека и на наредната седница ќе имаме можност да проговориме, затоа што како што можев да видам веќе е и доставен извештајот за точката на наредната седница за извештај за работата на Службата на државна безбедност, се надевам дека ќе имаме шанса да проговориме за целокупната активност на ова Министерство, посебно на наредната седница, а ова на еден начин го сфаќам практично како вовед во целокупните активности на кои ние како граѓани на РМ сме соочени на еден или друг начин во последната година, посебно пак ќе потенцирам со доаѓањето на новиот министер за внатрешни работи на РМ.

На крајот можам само да кажам дека заклучоците кои својствени од Комисијата, без сомнение повторно се во функција да ја заташкаат работата, повторно се без никаква одговорност, мило ми е што овде има посебни издвојувања на заклучоците од страна на пратеникот Стоиле Стојков и Тодор Петров и бараат ако не друго барем малку поконкретно да се настапи, јас верувам дека овие нивни издвоени мислења воопшто нема да бидат усвоени во овој Парламент, веќе одамна главната сила на

аргументот е на надгласувањето, меѓутоа, добро е што имаме издвоени ставови, со кои издвоени ставови се бараат ако не друго барем конкретни мерки, за оние кои учествувале во овие настани, се надевам дека оваа дискусија која денеска се води ќе биде повеќе како апел до целата демократска јавност, а не само до македонската демократска јавност, туку верувам дека и до меѓународната демократска јавност, од едноставна причина што сметаме дека ваквите преседани во македонската демократија во младата македонска држава навистина не ни се потребни, а уште повеќе нас не разочаруваат ваквите преседани, кога се случуваат од партии кои длабоко во себе, односно од министри кои припаѓаат на партии кои длабоко во себе го пропагираат интернационализмот, демократизмот, демократизацијата на РМ, партии, односно министри кои многу често сакаат да лепат етикети на други партии, дека се терористички, екстрмистички, авантуристички, едноставно сакам да зборувам дека вакви авантуризми од страна на МВР на РМ, ваков тип на тероризам на граѓаните на РМ која доаѓа од страна на МВР ни се случи, како што реков од заклучоците сигурно никој нема да биде казнет, затоа што заклучоците се токму во таа насока да ја истолерира уште еднаш ваквата активност на МВР, меѓутоа, јас навистина се надевам дека ова повеќе ќе биде еден политички настан денеска овде во кој навистина и на Министерството на РМ за внатрешни работи и на целата Влада на РМ уште еднаш само ќе им укаже и едноставно ќе и даде до знаење дека конечно еднаш за секогаш во Македонија мора да се престане со вакви методи на работа со кои методи македонскиот граѓанин, македонскиот работник, македонскиот земјоделец, ќе биде изложен на еден континуитет на страв од тепање од страна на МВР

од континуитет на страв дека не може слободно и независно да се бори за своите права и конечно да почнеме да зборуваме еднаш за секогаш во Македонија за она што се нарекува демократија, во секоја нормална европска држава.

На крајот повторно ќе кажам дека јас сум крајно разочаран што начелото на едни вакви акции за жал стои господинот министер за внатрешни работи, господинот Фрчковски, човек кој го знаеме дека во неговиот период пред да стане министер за внатрешни работи на РМ беше еден од најголемите борци за демократија во РМ, беше еден од основачите на организацијата за човекови права и слободи во РМ, беше еден од пишувачите и авторите на Уставот на РМ, Устав со кои апсолутно можеме да го видиме според пишаниот текст е ден од најдемократските устави во РМ. Значи, едноставно сакам да го искажам тоа разочарување, затоа што гледам една трансформација на еден човек од демократ што го знаевме во македонската јавност, кој за жал кога се наоѓа од страната на власта на РМ комплетно го менува и сопственото минато, а ги менува и комплетно своите идеи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека неколку членови на Комисијата интервенираат дека извештајот на Комисијата е нецелосен, односно дека 3 дела се дадени, а за еден немаме извештај добиено. Со оглед дека една цела пратеничка група, тоа е во овој случај ПДП токму поради тој случај бараше да се развие поединечно дискусија за секој од 4-те извештаи, затоа што зборувајќи на куп за сите извештаи, тие се онеправдани, затоа што го немаат

сопствениот извештај, мислам кога претседателот предложи поединечно да се расправа, да се дообјасни барем од страна на претседателот дали ќе продолжиме со дискусија по сите 3 извештаи, или само за Куклиш за да може пратеничката група која си го бара и Дебарскиот извештај да биде рамноправна во изјаснувањето, да не биде онеправдана со тоа што разговараме само за 3-те извештаи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние веќе се договоривме, расправаме за овие извештаи кои се на дневен ред, а издвоени се извештаите за настаните во Куклиш, во Радовиш и во Скопје. Во Скопје настанатите беа повторно врзани со судир на припадници на полицијата со група граѓани од албанска националност. Вие тоа го знаете и тој извештај е готов.

Ве молам, јас предложив да одиме извештај по извештај. Предлогот на господинот Георгиевски беше друг. Може тој приод да се прокоментира. Тој не зборуваше за извештаите.

Ве молам, кој бара збор?

XII/1 сп/см

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, јас не сум сосема задоволен со Извештајот кој се однесува на инцидентот кој настана на протесниот собир во Скопје и сакам да изнесам едно мое видување.

Една мудра арапска изрека вели: "добрите, како и лошите работи започнуваат како дождот. Тој заросува капка по капка за потоа да заврне, да почне вистински дожд за да може да заврши како порој".

Во конкретниот случај, мислам на скопскиот инцидент, се разбира со лоша конотација од собирот "за мир и демократија" одржан на 31 март 1992 година и грубиот однос на полицијата према дел од мирните учесници на собирот во случајот ќе останеше само како ситно краткотрајно заросување ако не се случеа оние кои претходеа во Куклиш и Радовиш и кои беа следени на 15-ти септември во Дебар, на 16-ти јули во село Радолишта Струшко и оној кулминантниот на 16-ти ноември 1992 година на Битпазар.

Зборувам по малку загрижен. Пред целиот овој период евидентни се десетици, стотици можеби и илјада случаеви на малтретирање, тепање, провоцирање од страна на полицијата кои исто така претставуваат латентен извор, латентна опасност сето ова да прерасне во несакана појава или појави за чии последици никој не може да им го знае крајот.

Сакам да истакнам дека жариштето од оваа опасност во најголем број случаеви се наоѓа во односот на полицијата кон овие појави и упорното избегнување на Владата преку ресорното Министерство благовремено да даде детални информации поткрепени со факти за да не биде Собранието,

како во случајот, да формира посебни парламентарни комисии кои, како во овој случај, својата работа ја вршат односно ја завршуваат со многу големо задоцнување во случајот десетмесечно и едногодишно задоцнување.

Ваквото одолговлечување кое јас го сфаќам како избегнување да се расправа уште повеќе придонесува за зголемување на нервозата и губење на довербата во органите за безбедноста конкретно Полици- јата која себеси си дава задача на единствен чувар на власта само со употреба на средства на присила односно во случаите оружјето и гумената палка. Блазе си и на онаа држава, па и на оваа која својот опстанок го гледа само во репресијата, која пак знае каде води на овие простори и во овие времиња или во најмал случај барем треба да знае.

Се поставува прашањето дали оваа кревка земја и понатаму својата државност ќе ја гради само служејќи се со аргументот наречен сила или еднаш за секогаш ќе сфати дека треба да се служи со силата на аргументите и реалноста, а тоа е дека ова е мултикултурна односно мулти национална и мултиконфесионална заедница и дека таа може да опстане само со дијалог, се разбира секогаш рамноправен и меѓунационален односно меѓуконфесионален консензус. За тоа дека ова треба да биде држава на сите нејзини граѓани, држава која извира од сите граѓани и држава која припаѓа на сите нејзини граѓани.

На крајот сакам да истакнам дека е крајно време актуелната власт да почне да го менува својот репресивен менталитет наследен од претходниот систем. Исто така крајно време е да се сфати дека кај поголемиот дел од граѓаните од оваа Република е пробиена бариерата на страв од полицијата. Притоа, пред се, мислам на страв од масовна употреба на сила во име на

државата и уште повеќе во името на еден народ кој, за жал, покажува знаци на стремење кон унитаристичка држава односно држава на еден етнос каде сите други треба да бидат само послушни поданици.

Сосема на крај при сето ова не се зема предвид мислењето на оние минорните во случајот го сфаќам за правото и правдата не се како оние на власта и крајно време е институциите на власта да создадат правен поредок во кој ќе се обезбеди цивилизиран и воедначен однос и аршин кон сите нејзини граѓани, без разлика кои се тие.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, во 1988 година македонската јавност беше шокирана, изненадена и револтирана од бруталната репресија што тогашниот Републички секретаријат за внатрешни работи ја спроведе спрема недолжните граѓани од Вевчани, кога од специјалните единици на Милицијата најбрутално беа претепани жени, деца и старци. Како што е познато тој чин не остана непознат на јавноста, исто така, главните актери на вевчанскиот случај понесоа правни и политички консеквенции, беа сменети републичкиот секретар за внатрешни работи, неговиот заменик и првите луѓе на Извршниот совет и на тогашната единствена партија челните луѓе доживееа политички пад. Но, во денешно време кога имаме политички плурализам со продорот на демократијата во Македонија, ценевме дека таквите случаеви од типот на вевчанскиот се минато и дека нема да има можност] тие да се повторат. Но, за жал, изгледа работите стојат многу поназад; отколку тоа време.

За злоупотребата од страна на полицијата не би имало место ако политичките субјекти кои учествуваа? во власта се залагаат за демократија, за правна држава, за слобода, за човечки и граѓански права. Но, очигледно тоа не е заложба и на актуелниот министер за внатрешни работи господинот Љубомир Фрчковски чија склоност во примена на репресивни мерки во извршувањето на функцијата на внатрешни работи попримаат загрижувачки димензии и се закануваат да ги срушат демократските процеси во Република Македонија.

Дозволете само да споменам некои претепани граѓани во Јака - Радовиш, Куклиш. Се создаваат случаеви насекаде во Републиката. Во случајот на протестот на 60-тина интелектуалци од Форумот за слобода на информираше и демократија при Македонскиот Парламент, министерот Фрчковски ангажира дури 600 полицајци. Во Радолишта исто така ангажира голем број на полицајци. Да не ги спомнуваме повторно судењата во Велес, прислушувањето на националните политички партии најактуелен е случајот со прислушувањето на ВМРО-ДПМНЕ, разни притисоци, закани, малтретирања на членови на ВМРО-ДПМНЕ и измислувањето на така наречениот подвижен притвор кој, според Уставот треба да трае 24 часа, но со тој измислен притвор може и месец дена да трае.

Сите овие факти говорат за воведување на полициска, а не на правна држава. За кого Парламентот донесе демократски устав, како тој ќе се почитува ако еден од неговите автори господинот Фрчковски не го почитува, го крши на најдрастичен начин. Сега, наместо да расправаме за одговорноста на главните протагонисти на ваквата политика топката и нападот се упатуваат и во извештајот, а и на почетокот слушнавме на сосема друга страна во процедурални забелешки, во расправи кои

всушност сакаат целата работа да ја заташкаат. Немаме ниту збор на осуда во извештајот за непотребната нелегална и брутална примена на сила од полициските сили наредена лично од министерот Љубомир Фрчковски. Што е најважно во конкретниот случај?

Прво, очигледно е дека жителите на селото Куклиш го користеле своето со устав загарантирано право да протестираат за- ради незавидната положба во која се наоѓа земјоделието. Таквиот протест го изразиле со тоа што го блокирале магистралниот пат Струмица - Валандово. Деблокадата на патот била спроведена од страна на Министерството за внатрешни работи со ангажирање на огромен број на полицајци. Нивната бројка се движи околу 600 меѓу кои се наоѓале и припадниците на специјалните единици на полицијата чија задача, колку што ми е познато, е сузбивање на диверзантско - терористички активности. Употребата на присилни средства на физичка сила, на гасни бомби и сл. е спроведена без никаква најава или предупредување тогаш кога учесниците во протестот се повлекувале кон селото и спрема извештајот притоа голем број на граѓани биле претепани, некои имале сериозни последици по здравјето од употребата на гасните бомби.

Сето ова јасно ја покажува намерата на министерот Фрчковски жителите на селото Куклиш требало да бидат казнети. Но, зошто? Дали само заради протестот или пак е во прашање нивното симпатизирање на националните политички партии конкретно се работи за ВМРО-ДПМНЕ.

За мене едно е сосема јасно репресијата е неоправдана, примената на сила спрема жителите на Куклиш е неоснована, неоправдана и нелегална за што одговорност треба лично да сноси министерот Љубомир Фрчковски.

Од Извештајот на Повремената комисија за случајот на Куклиш и Радовиш јасно стои дека било можно избегнување на примена на физичка сила врз штрајкувачите и дека во двата случаеви постојат пречекорувања на овластувањата од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи. На пр. може да се види страница 22 во Извештајот за Радовиш и страница 7 од Извештајот за настаните во селото Куклиш. Оттаму ценам дека одговорноста треба да ја понесе ресорниот министер затоа што овозможи се до денеска никој од актерите да не сноси одговорност и покрај пречекорувањата на овластувањата и најотворено кршење на Уставот. Доколку не дојде до утврдување на одговорноста на министерот, тоа ќе значи потврда на прогнозите дека Република Македонија минува од така наречената нежна диктатура во "диктатура на пеперутка" во најотворена безобзирна репресија врз граѓаните без да се почитува Законот, Уставот и демократските норми.

Врз основа на изнесеното предлагам Собранието на РМ да поведе постапка за разрешување на министерот Љубомир Фрчковски од функцијата министер за внатрешни работи.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги и колешки пратеници, јас највнимателно ги читав извештаите од Комисијата и би рекол нешто за случајот во Куклиш и Радовиш.

Двата случаеви по мене се поврзани со едно единствено заради манипулација со луѓето мислам и на граѓаните и на полицијата.

Во анкетите нема важни и неважни мислам периферни елементи, туку за мене се сите важни кога треба да се докаже вистината. Анкетната комисија повремена или не беше во потрага по вистината. Колку успеала во тоа, тоа е друго прашање. Не се чувствувам ниту компетентен ниту доволно стручен за да кажам, да арбитрирам и да можам да арбитрирам во конкретниот случај. Сепак, читајќи ги извештаите на Повре- мената анкетна комисија, се наметнуваат неколку прашања кои таа само ги допрела сосема површно. За да се дојде до вистината сигурно не требало да бидат заобиколени, по мене.

Прво, во чија организација и кој ја презел одговорноста за блокирањето на патот Струмица - Валандово, ако штрајкувачите веќе не го прифатиле објаснувањето на претседателот на независниот синдикат на земјоделците за општина Струмица во 10 часот наутро. Дека е договорено со Владата штрајкот да биде одложен. Тоа е едно прашање.

Второ, на чија иницијатива и во какво својство бил повикан независниот пратеник Тодор Петров, кој е претседател на Комисијата, каква е неговата улога во целиот случај, исто така не можеме да прочитаме.

Трето, каква е улогата во конкретниот случај на претседателот на независниот синдикат на земјоделците Ставре Јанев, во чие име тој настапувал, ако веќе претходно се договорил со Владата.

Четврто, дали во основа не е манипулација со луѓето што рекоа на почетокот кои го извлекле всушност подебелиот крај.

Што се однесува до Радовиш, читајќи го Извештајот од Ко- мисијата за собитијата во Радовиш се добива впечаток барем јас таков впечаток добив, дека се наоѓаме на Дивиот американски Запад од минатиот век каде царува законот на дивината односно на посилниот, финансиски помоќниот.

Да бидам искрен јас не можев ниту да ги сфатам сите тие заврзлави што се изведувани таму наназад неколку години, а беспомошноста на правниот систем во Републиката ни оддалеку не ни гарантира дека е на повидок некоја правна држава.

Последниот допис од Јака - Радовиш само го потврдува напред изнесеното. Веројатно материјалната подлога им дава сила да се однесуваат арогантно и спрема овој Парламент без најмалку срам. Да зборуваат за тоа што сакаат самите да се слушне,а аномалиите се разбира, некој ќе ги покрие со самата моќ и авторитетот на парите. Затоа, сум да се расчистат работите зашто инаку ќе излезе дека сите се изманипулирани, а манипулаторите си седат од страна и на сите им се потсмеваат во лице.

Јавното обвинителство треба да си ја заврши работата затоа што има пријави од Радовиш кои една година и нешто веќе се поднесени.

**СТ ОЈАН АНДОВ:**

Има доста пријавени за учество во претресот. Дали да завршиме до 17,00 часот. Еве сега е 2 минути до 17,00 часот, тогаш дали утре да продолжиме или идната недела. Добро, утре ќе закажеме кога ќе биде точно. Утре ќе објавиме, најверојатно ќе биде по неделата. Утре не работиме, нема седница.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).